СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 јули 1992 година

Скопје, јули 1992 година

**ЧЕТИРИЕСЕТ И ТРЕТА СЕДНИЦА (43) 1.VII.1992г.**

| | ПРЕДЛОГ НА ДЕКЛАРАЦИЈА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ |
|---|---|
| 1. СТОЈАН АНДОВ | 1 |
| 2. ЕШТРЕФ АЛИУ | 36 |
| 3. ФАИК АБДИ | 48 |
| 4. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | 95 |
| 5. ЈОРДАН БОШКОВ | 113, 117 |
| 6. ПЕТАР ГОШЕВ | 65 |
| 7. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | 116 |
| 8. ДОСТА ДИМОВСКА | 11, 62, 108, 109 |
| 9. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | 60, 63 |
| 10. ЃУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА | 79 |
| 11. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | 27 |
| 12. ДЕНКО МАЛЕВСКИ | 3 |
| 13. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | 56 |
| 14. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | 87 |
| 15. ШАБАН ПРЕВАЛА | 9 |
| 16. КИРО ПОПОВСКИ | 17 |
| 17. ТИТО ПЕТКОВСКИ | 102 |
| 18. РИСТО СТАНКОВСКИ | 84 |
| 19. ФЕРИД САДИКУ | 111 |
| 20. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | 114 |
| 21. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | 42 |
| 22. ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ | 44 |
| 23. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | 89 |
| 24. НЕЏАДИН ЏАФЕРИ | 112 |

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 1 јули 1992 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1) со почеток во 10,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов претседател ан Собранието на Република Македонија,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ја отворам Четириесет и третата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Стојан Ковачевски/ Панче Насев, Иван Иванов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Седницата на Собранието ја свикав по предлог на Владата на Република Македонија Собранието да заземе став по Декларацијата на Европскиот совет и за натамошните активности на Република Македонија.

Предлози за одржување на седницата со слична содржина поднесоа и пратениците Стоиле Стојков, Владимир Голубовски и Тодор Петров.

За седницата се поканети претседателот на Републиката Киро Глигоров, претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија.

Ве известувам дека нашата седница ја следат и од неа ќе информираат директно, така очекуваме покрај редовните акредитирани новинари и група новинари од соседна Република Грција и очекуваме дека наскоро ќе дојде време кога и на македонската телевизија новинарите слободно ќе известуваат од Парламентот во Република Грција.

(Аплауз).

I/2.-JM/МЛ

За седницата го предлагам следниот дневен ред - Информација на Владата на Република Македонија во врска со Декларацијата на Европскиот совет за некогашна Југославија (ставот за Македонија), како и за натамошните активности што треба да се преземат на овој план од страна на Република Македонија, со Предлог на декларација на Собранието на Република Македонија.

Едно објаснување. Вчера цел ден се работеше на текстот на Декларацијата, Предлогот на декларацијата и таа е доведена скоро пред довршување. Оценивме дека е подобро сега да почнеме со расправата овде, а на првата пауза комисиите да си ја довршат работата и да го довршат текстот на предлогот за декларација.

Со оглед на значењето и актуелноста, како и интересот на целокупната јавност за прашањето што е на дневен ред, предлагам да не се дополнува дневниот ред на оваа седница.

Исто така, предлагам на оваа седница да не се поставуваат пратенички прашања.

Дали се согласувате со предлозите? (Се согласуваат).

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака).

Дали некој е против? (Еден).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот дневен ред.

Минуваме на дневниот ред Предлогот на декларацијата на Собранието на Република Македонија.

I/3.-

Извештаите на комисиите ќе ви бидат дополнително доставени
Информација ќе поднесе д-р Денко Малевски, министер за односи со странство.
Има збор господинот Денко Малевски

**ДЕНКО МАЛЕВСКИ**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, ова не е воведно излагање, туку личен став во едно драматично време. Ве повикувам да застанеме во одбрана на принципите на нова Европа. Тоа мораме да го сториме особено сега кога претставниците на земјите кои меѓу првите ги запишаа во своите акти не се во состојба да ги почитуваат. Застанувајќи во одбрана на тие принципи, застануваме во одбрана на вредности кои ни отвараат простор нам, на малите народи да живееме во мир и достоинство со поголемите и посилните од нас. И денес како и првиот пат кога настапив во ова Собрание сметам дека десетте начела запишани во Завршниот акт од Хелсинки 1975 година се темелите на европската зграда во која и ние го имаме своето место. Да потсетам, се работи за начелата на (1) суверена еднаквост на државите, (2) воздржување од закана со сила, или употреба на сила, (3) неповредливост на границите (4) територијален интегритет (5) мирно решавање на споровите низ преговори, анкети, посредување, мирење, арбитража, судско решавање, (6) немешање во внатрешните работи, (7) почитување на човековите права и основните слободи, (8) рамноправност и право на народите на самоопределување, (9) соработка меѓу државите заради подобрување на благосостојбата на сите народи и (10) свесно исполнување на обврските од меѓународното право.

Значи проблемот не е во принципите на Европа, проблемот е во водството на заедницата која не беше во овој случај на ниво на тие принципи, попуштајќи пред притисокот на една своја членка која не жалеше ниту пари, ниту време, ниту пак се обиде да ја чуе другата вистина за Македонија. Во секој случај и двете страни и Европската заедница и Грција

меѓу живите луѓе Македонци и други во Република Македонија и античките маски на кои Грција положува право.,. се определија за второве. Останаа глуви на нашата аргументација дека има повеќе вистини за Македонија, од кои една е и нашата, на луѓето кои денес живеат на територијата на Македонија, на Македонците. Така не успевајќи да му се спротивстави на шовинизмот во сопствените редови Заедницата од едно свое заседание до наредното и правеше отстапки на Република Грција. Она што беше чиста позиција за признавање според мислењето на Бадинтеровата комисија се трансформира во нужност околу името да се согласат сите заинтересирани страни за да на крајот ни се издиктира дека зборот"Македонија" не треба да стои во името на нашата држава. Фактот дека никој не беше особено импресиониран од грчката аргументација во текот на целиот овој процес кога Заедницата^уште бараше аргументи, укажува на тоа дека во завршниот дел од целава оваа работа е користена аргументација *која нема никаква врска со начелото на правдата и правичноста*. Претставник на дванаесетмината неодамна ми рече дека е запрепастен од сознанието дека за Грција Македонија е исто што и Газиместан за Србија. Можеби е така и веројатно паралелата не е случајна, но тоа само го потврдува фактот дека соочена со национализмот во своите редови Заедницата не смогна сили да му се спротивстави. Национализмот, шовинизмот, ксенофобијата ја добија овој пат битката меѓу дванаесетмината кои верувам сеуште не се свесни дека"оној кој сади тикви со националистите, од главата ќе му се скршат".

Немам намера да се задржувам на тоа што ние сторивме од наша страна, затоа што тоа е познато. Би се осврнал накратко на оние кои наоѓаат крупни дефекти во надворешно - политичката ориентација и во методите на нашата дипломатија, ако може да се рече така за еден сосема незаокружен систем.

I/5.-

На критичарите за наивноста и идеализмот на нашата надворешна политика која се определила за дијалог и почитување на демократските принципи, заборавајќи на некои "други средства" им одговарам:

Наивен е оној кој не разбира дека другите држави се подобри од нас во употреба на други средства, а потврда за тоа е последната "победа" во Европската заедница. На критичарите пак кои тврдат дека сета наша активност погрешно сме ја свртеле во правец на Заедницата им одговарам; Ц во ова време на критика на Заедницата не треба ниту за момент да заборавиме дека клучот за европските проблеми е во Европа и дека центрите на економската и политичката моќ во светот денес се Европската заедница и САД. Жалам само што немавме доволно артилерија, се разбира дипломатска^ за да подобро ги нападнеме овие две тврдини. Но, ако тоа нешто ви кажува, ќе речам дека од првата до последната земја вон Европската заедница со која сме контактирале околу нашето признавање,, ни одговориле дека ја чекаат одлуката на Европската заедница. На критичарите кои тврдат дека оваа дипломатска ориентација била некооперативна и тврда во односите со Грција, особено по прашањето на името им велам; од самиот почеток на кризата сметавме дека сите спор- ни прашања треба да се стават на маса и да се чујат аргументите од двете страни. Меѓутоа, грчкиот ултиматум да се брише зборот "Македонија" од името на државата пред воопшто почне да се преговара оневозможи посредничката мисија на Португалците да отпочне, а уште по- малку да се остварат директни средби на кои инсистиравме. Јас сум човек на компромис, меѓутоа одбивам ултиматуми.

На критичарите кои велат дека Декларацијата од Лисабон е пораз на македонската меѓународна политика им одговарам: да, па што? Вие можеби очекувавте чисти победи: Од ова тешко искуство научив едно: победа е секогаш кога после пораз ќе соберете сили одново да застанете на нозе. Најдобрите луѓе во Македонија само тоа можат да му го ветат на народот

денес во овие околности. Што сега?

Како прво , од оваа и идните битки опстанок и достоинство треба да научиме да губиме, да научиме да живееме и со порази, па дури и од нив да излегуваме посилни и поумни. За почеток добро да се погледнеме онакви какви што сме и да, настојуваме да бидеме подобри онаму каде што е тоа можно. Живееме во време кога само вистината може да ни помогне. Оваа е мала држава со нешто повеќе од 2 милиони луѓе, имаме слаба економија, имаме слаби демократски традиции, меѓуетничките односи не ни се сосема во ред, на почетокот сме на градењето на нашите демократски институции, имаме соседи чие однесување е од не сосема пријателско, до отворено непријателско, немаме излез на море, немаме голем пријател кој би стоел зад нас. Значи, нашата специфична тежина во меѓународните односи е таква што мораме да учиме да трпиме порази дури и кога сме во право. Всушност мислам дека нашата шанса да опстанеме е во способноста да истрпиме мирно, достоинствено и со многу, многу труд и мудрост на секој поединец. Ова не се празни зборови. Треба да го ископаме најдоброто во секој од нас за да опстанеме. Ако тоа не го сториме и ако не ја сочуваме ладнокрвноста можно е да потонеме во хаос и војна со што би се загрозил и физичкиот опстанок на овој народ. Видовме какви се размерите на убивање и раселување во Хрватска и во БИХ. Доколку такво нешто се случи тука, овој мал народ не би можел тоа да го преживее. Ако пак нечија цел со одолговлечувањето на признавањето е ток- му тоа, ете уште еден тежок аргумент да истрпиме.

Размислувајќи за иднината на Македонија имам впечаток како сета историја да се згуснала во овие изминати месеци. Од тоа згуснато искуство избива една проста и јасна порака која во критичните моменти од минатото

ја осознавале луѓето што живееле на овие простори пред нас. Таа порака е дека можеме да опстанеме само ако ја сочуваме својата самостојност. "Македонија на Македонците" е порака со симболично значеше кое и во минатото и денес ги обединувала граѓаните на оваа територија без оглед на нивната национална припадност. Пораката која има сосема актуелна содржина уште значи и дека спасители од страна да не чекаме. Дали затоа што нашите соседи се зли луѓе? Не. Напросто, затоа што тие имаат сопствени државни интереси кои се посилни од секаква љубов кон Македонија. Имено, безбедносните, политичките и економските последици по државните интереси на соседните земји би се јавиле доколку некој би се обидел да ја смени географијата и би можеле да предизвикаат воен судир. Оттука признавањето на постојните граници на Републикава од страна на Европската заедница и САД е воедно и обврска да се сочува Македонија. Таа обврска произлегува од проценката дека било какви промени на границата можат да предизвикаат воени судири за целово подрачје. Затоа треба да се свртиме сите кон она што може да не обедини. А што е тоа што може да ги обедини различните политички сили во оваа земја денес? Ќе рече некој дека е тоа идеализам, или пак дека сонувам, но јас ќе го речам. Нема поубава глетка од здрави, весели, облечени сите и убаво воспитани деца. Убава е и глетката на достоинствени стари луѓе кои ги почитуваме. Може ли сите да се впрегнат во заеднички напор за создавање слободно општество на среќна младост и достоинствена старост. Имаме ли мудрост, трпение и волја да работиме кон една таква цел независно од тешкотиите денес и утре, или пак ќе подлегнеме на очајот и шовинизмот предизвикани од чинот на непризнавањето

Се разбира признавањето е од исклучителна важност за нашиот опстанок. Нам ни се потребни европските и светските политички и финансиски институции за да зачекориме посмело во модернизацијата и приватизација на нашата економија и изградба на нашите демократски

институции. Меѓутоа,  пред се работите зависат од нас самите. Затоа ако со право очекуваме помош од тие институции треба сепак да сме свесни дека никој не може да не спаси од нас самите, од нашите заблуди, од нашата традиционална комоција, од омразата која некогаш ја криеме кон луѓе од друга вера и националност, а најмалку може некој да ни помогне ако дома надвладеат силите на војната и демагогијата.

Поднесов оставка во знак на протест против одлуката на Европската заедница со која и е нанесена голема неправда на Република Македонија. Луѓето од Заедницата со кои бев во контакт и воспоставив нужно и некаков личен однос не опстојаа на дадениот збор дека за името нема да одлучуваат без наша согласност. Тоа го тврдеа до последниот момент за да го погазат зборот. Затоа потребен е нов човек на ова место кој ќе ја продолжи борбата за демократските вредности на нова Европа, вредности кои на малите народи им создаваат шанса да живеат во мир, просперитет и достоинство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го чувме излагањето на господинот Малевски.

Отворам претрес.

Кој бара збор?

II/1/CJ/OM

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, почитувани гости,

Дозволете ми на почетоков да констатирам дека Македонија постоела, постои и ќе постои, независно од желбата и добрата волја на Европскиот совет бидејќи тоа го сакаат нејзините граѓани македонци, албанци, турци, роми и други. Таа како современа држава со сите свои добри и лоши страни се потруди особено поселдниве 50 години, а маратонското влечење и на крајот условувањето на признавањето на нашата Република со промени на името говори колку за не сериозноста на Европа, на Европскиот совет толку и за неговиот поценувачки однос кон малите народи и држави. Но, важно е дека ние сме свесни дека Македонија постои како суверена, самостојна и заедничка држава на сите нејзини граѓани. За албанците името Македонија никогаш не било спорно, Признавањето од 12 мината е значајно поради многу причини, меѓу кои и економски но, тоа не мора да биде и пресудно, тука е и останатиот свет што се надевам дека ќе се изјасни во прилог на Македонија. Според нашето мислење дури сега пошироко треба да се отвори процесот на поединечното признавање на Македонија. Секако во прилог на тоа треба и нашето натамошно ангажирање како на внатрешен така и на надворешен план.

Условувањето на признавањето на Македонија нас, нејзините граѓани не треба да не обесхрабрува туку напротив уште повеќе да не обединува кон заедничката цел, развој и стабилизирање на економските токови, натамошно унапредување и продлабочување на демократските процеси, рамноправност помеѓу сите национални и етнички групи и на сожителството во Македонија.

II/2

По признавањето на Словенија, Хрватска и Босна и Херцеговина и по конституирањето на така наречената Сојузна Република Југославија, Македонија објективно остана сама и претставува посебна држава што се граничи на три страни со меѓународно признати граници. Таа како таква веќе почна да станува и се реализира како меѓународно правен субјект, по признавањето од неколку држави.

Наскоро со сигурност ќе уследи и признавање и од другите држави. Нека ова биде повод за да речеме дека надворешната политика и успесите на меѓународен план во голема мерка се условени и од односите внатре во земјата и дека има потреба внатре да ги елиминираме некои појави и односи што ги загрозуваат единството и рамноправноста. Време е да се убедиме дека епохата на националните држави и на супермацијата на еден народ врз друг е минато. Во таа смисла на овој мал простор македонците, албанците и другите треба да ја искористат шансата за да изградат примерна, демократска држава, еднакво мила и сакана од сите. Таа не би смеела за едни да биде мајка, за други маќеа, зашто внатрешниот раздор може да го искористи некој трет за да наметне хегемонија што ќе биде катастрофална за сите.

Затоа во свето има потреба да се афирмираме не како држава што демонстрира сила врз недолжниот народ, туку како правна држава во вистинска смисла на зборот и се разбира како фактор на стабилноста на Балканот и оаза на мирот на Балканот и во светот. Затоа да се ослободиме од предрасудите и од илузиите и да чекориме кон заедничката среќа, кон интересите и кон потребите на другите да се однесуваме како кон сопствениот интерес и сопствените потреби, при тоа да бидеме свесни и да ги почитуваме законитостите на пазарот и на пазарната економија за чија филозофија се определивме.

Расправата по овој повод сметам дека треба"да биде можност не само за критички осврт врз активноста туку и за оддаваше признание како на претседателот на Републиката Киро Глигоров, така и на министерот за односи со странство д-р Денко Малески. Овие двајца навистина направија се во прилог на каузата на Македонија, затоа освен признанието за нивното дело, а јас мислам дека министерот Малески треба д ја повлече оставката од функцијата или пак да не гласаме за неа, Европската заедница падна на историскиот испит, а не тој . Затоа би сакал да ја продолжи мисијата што му ја довеpивме.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, би сакала на почетокот, пред да ги кажам своите ставови околу точката на дневниот ред, да го поздравам делот од излагањето на претходниот говорник од партијата ПДП, кој што јасно кажа како граѓанин на Македонија не го прифаќа делот од Декларацијата на Европската заедница со која што се бара промена на името на Република Македонија, но со останатите ставови не би се согласила. Исто така не би можеле да употребуваме изрази во стилот дека Европа паднала на испитот на демократијата затоа што знаеме дека Европа има 200 годишна демократска традиција (реакција на пратениците во салата).

Во врска со излагањето на министерот би сакала да поставам едно прашање, бидејќи точката на дневен ред е Информација на Владата на Република Македонија во врска со Декларацијата на Европскиот совет за некогашна Југославија, министерот на почетокот на своето излагање кажа дека зборува во свое име, мене не ми е јасно кој ќе зборува во името на Владата. Исто така не би можела како македонка никако да го прифатам ставот дека македонскиот народ е мал народ . Нема мали и големи народи,

има мали и големи политичари. (реакција на пратениците во салата)

Исто така министерот вели дека доживеал пораз како дипломат, го призна овде во Парламентот поразот на своите политички потези и го постави прашањето и Па што,!. Ако за министерот е тоа неважно, за мене како припадник на овој народ и како граѓанин на македонската држава, тоа е една трагедија, и мислам дека не може една ваква состојба да се прифати ноншалантно, тоа говори за целата несериозност во однесувањето на министерот.

Што се однесува до точката на дневниот ред би ги кажала своите гледишта, имено преку македонските средства за информирање кои сеуште се дотираат од македонската Влада, неколку месеци наназад постиојано слушавме најразлични вести за високиот рејтинг на македонското државно раководство на чело со Киро Глигоров, за поддршката што Европската заедница му ја дава на тоа раководство и за исправнсота на таа политика, за признавањето на Република Македонија за кое треба уште малку да се почека, дека треба уште нешто да доставиме да го свиткаме грбот, толку да бидеме тивки што сите останати освен раководството ништо да не правиме и да не зборуваме за да не го разнишаме тој рејтинг, а со тоа и признавањето. Целата нација систематски се доведуваше во една состојба на колективна хипноза. Се инвестираше да бидеме трпеливи, наместо нас знаат тие и се прават тие одбраните, државните раководители. Но, кулата од карти се растури после Декларацијата на лидерите на Европската заедница донесена во Лисабон. Треба да се соочиме со катастрофата што ни претстои, а на која повеќе пати предупредувавме како партија. Впрочем ваквите согледувања беа и една од причините за оставката од потпретседателското место на Љупчо Георгиевски, како предупредување за последиците на актуелната државна политика со која ВМРО-ДПМНЕ не се

согласуваше, Македонската дипломатија мора да се соочи со поразот, впрочем демократијата и претпоставува и поднесување на сметки, повикување на одговорност и сменливост на оние носители на функции кои што направиле погрешни процениp и чии што потези не дале резултати. Секакво понатамошно успивање, дезинформации и прикривање на вистината ќе ја збришат Македонија до темел, ќе му го одземат на македонскиот народ достоинството. Неопходно е во интерес на оваа држава и овој народ носителите на погрешни политички потези и проценки да се повлечат од функциите, да им отстапат место на нови луѓе кои ќе може да понудат нови решенија. Во спротивно се подлабоко ќе тонеме во жив песок од кои не ќе има враќање.

Условувањето на признавањето на државноста на Република Македонија со промена на името како што е назначено во Декларацијата на лидерите на Европската заедница во Лисабон за сите нас е неприфатливо. Тоа е бришење на идентитетот , осуда на непостоење што е неприфатливо за било кој народ во светот. На оваа декларација која е поразителна за нас не е доказ само за успешната блокада на Грција туку и доказ за некомпетентноста на македонската дипломатија да обезбеди пошироко меѓународно признаваше. Погрешните чекори на македонското раководство на чело со Киро Глигоров кој што активно учествуваше во креирањето на надворешната политика и на носителите на власта во република Македонија според моето мислење се состојат во следните точки:

1. Отсуство на договор со македонските партии за заедничките стратешки цели, не е направен обид за постигнување на консензус и ако токму од оваа говорница, постојат за тоа стенограми, на два пати е побарано да се оствари таков консензус и таков договор помеѓу

парламентарни и вон парламентарните партии во Македонија. Наместо одговор, наидовме на молчење.

Не прифатливо е како официјален концепт и решение за меѓународното признавање на Македонија да биде прифатлива само една платформа без алтернатива, а таа платформа да дава само негативни резултати за Македонија.

2. Не е остварувана почеста комуникација помеѓу носителите на надворешната политика со Парламентот, не е вршена редовна верификација на потезите како што е вообичаено во земјите на парламентарната демократија, така што во тесен круг се донесуваа тие одлуки за прашања кои што се од национален интерес, што е неприфатливо за сите нас.

3. Не се формирани стручни тимови во кои би било исползувано искуството на поранешните дипломати кои што за разлика од црно белото гледање на работите спектрално би пришле на прашањето за признавањето на Република Македонија и секако би понудиле повеќе потези. Наместо тоа цело време од личностите што ја водеа актуелната надворешна политика беа обземени со самобендисансот и надуеност и се градеше од претседателот на Републиката култ на личноста преку средствата за јавно информирање.

4. Несфатливо е како не се погриживме да си создадеме барем еден пријател во соседните земји. Остварена е само една посета од страна на претседателот на Републиката на Албанија, наместо принципот на еквидистанца и градење на пријателство со сите соседи и земји форсирани се врските со Србија, пример е особено 'Законот за патување во странство каде што за патување во бившите југословенски републики, се разбира, пред се во Србија, граѓаните на Македонија не плаќаат давачки.

II/7

5. За разлика од Словенија и Хрватска кои во членките на Европската заедница сторија се да изнајдат земји кои би лобирале за нивното признавање, државното раководство не се потруди од земјите на Европската заедница да изнајде ниту една земја која со својот авторитет би застанала зад нас и би сторила се за поширокото признавање на Македонија, иако развојот на нас- таните беше повеќе од очигледен уште во стартот не се настојуваше да се интензивираат контактите со европските земји, со претставниците на нивните држави, наместо тоа се форсираше платформата Глигоров - Изедбеговиќ, се спасуваше Југославија, се лобираше да не бидат признаени Хрватска и Словенија и тоа се сметаше за успех. Со спороста во следење на настаните, со не навременото реагирање, со компромисерската политика и во стартот не јасни ставови навреме не ги убедивме Европа и Америка за што се залагаме.

6. Со непостоење на македонски информативни центри и зачетоци на дипломатски претставништва недоволно е информирана европската јавност за ставовите во Република Македонија и за состојбите во неа; Да потсетам дека сеуште не е формирана македонска информативна агенција заради калкулациите на поддржавателите на Панде Колемишевски и приватната агенција Макпрес која досега не преплави со дезинформации превземени од Танјуг и тоа токму на тема од меѓународното признавање.

7. Одолговлечување на донесувањето на системските закони. Имено неразбирливо е зошто законот за приватизација кој што беше предложен уште во септември беше повлечен од страна на Владата без никакво образложение, а колку што знам за тоа министерот Јане Миљовски се подготвуваше да даде оставка во знак на протест.

II/8

Без сите системски закони, без законот за грбот, знамето химната итн. не е доврешено внатрешното осамостојување.

8. Непостоење на ниту еден независен весник, пригушување на сите гласила во кои што се појави критика на државното раководство како што е пример со весникот" Република". "Епоха" итн. на сметка на гласилата финансирани од страна на Владата. Слободата на информирањето" еден од основните мерници на демократското општество. Со градењето на култот на личноста од една страна, а од друга страна со пресија врз националните партии и сатанизација на политичките не истомисленици –не можеме да говориме за реална демократија која што е еден од основните услови за признавањето. Се практикуваат старите методи за да се одржи владеачката гарнитура со систематско создавање на внатрешен непријател, а тоа се разбира се националние партии и надворешен непријател тоа е во случајов Европската заедница. Се во стилот виновни се сите други и грешни, а ние сме безгрешни и секогаш во право. Резултатите на ваквата политика се меѓународна изолација на Републиката, економски колапс, дозирана парламентарна демократија, јакнење на репресивните мерки, јакнење на меѓунационаланта тензија и систематско воведување на неокомунизам. Со ваквите чекори сериозно е доведено во прашање безбедноста на државата, таа е небранет простор, незаштитен од меѓународната заедница. Иако постојано политичките потези што ги влечеше господинот Глигоров, компромисите што се правдаа со оазата на мирот со можноста од војна сега од исто место се најавува воено сценарио како резултат на непризнавањето и евентуална поделба помеѓу соседите за што се разбира според нивните зборови, може да биде виновна само Европа, а никако погрешната политика која не доведе како држава во поразителна состојба.

Следствено, за очекување истите луѓе се разбира малку подоцна да ни понудат сојуз со Југославија т.е. со Србославија како единствен излез од ситуацијата. Но, нели со тоа ќе биде активиран вториот дел од референдумското прашање на кое што инсистираа истите луѓе кога се донесуваше одлуката за референдумот. Се прашувам дали се работи за случајно совпаѓање или пак за смислен план.

Состојбата во која што се наоѓа Република Македонија и македонскиот народ не ни дозволува тактизирање и прикривање на работите во интерес на сите нас е сумирање на сметките и преземање на натамошни активности за излегување од ќор сокакот. Така што оставката на министерот Денко Малески ја сфаќам како морален Чин на еден човек кој има чувство на одговорност за своите постапки и е подготвен да ги сноси последиците од нив. Во спротивно би било чисто лицемерие и обид по секоја цена и на сметка на националните и на државните интереси да се остане на власта.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници,

Не можам на почетокот, а сепак да не направам забелешка дека сепак денес расправаме за Декларацијата на Европскиот совет, тоа не значи дека можеме и пошироки опции за вкупната наша меѓународна политика, но сите очекуваат денес од нашиот Парламент да изгради дециден и јасен став по предлогот на Европската заедница. Од тие причини ценам дека прво и основно што би сакал да ви искажам дека веста од Самитот на Европската заедница во Лисабон дека Европскиот совет е спремен меѓународно да не признае но под име што нема да го вградува терминот Македонија се доживеа како силен удар шок би рекол во Републиката предизвикувајќи голем револт и огорченост кај сите граѓани во Републиката и нашите иселеници низ светот

II/10

Очигледно западноевропските демократии не можат или немаат интерес да сфатат каква неправда нанесуваат на достоинството и чувството на еден народ, но едновремено и колку ги девалвираат и сопствените какао што тие велат европски стандарди и принципи, па според тоа не можам, да се одвлечам од мислата дека е тоа нивни сопствен пораст на принципите неовската идеа и интеграција

Навидум предлогот какао да нема промени во нивните поголеми за нивната постојана спремност за пошироко меѓународно признание на Републиката, а всушност се работи аз радикален пресврт и еволуција на нивните ставови категорички и одлучни со призвук на ултиматум. Старата искусна Европа кој очигледно знае да владее со силата и со групниот интерес го покажа целото свое лицемерство предлагајќи меѓународно признание на една држава преку нејзино бришење од политичката карта на Европа , а со тоа и на еден народ од регистарот на народите во светот. Во името на која и каква демократија се напоуштаат сопствените европски принципи, норми, постапки, ербиртажи. Се кршат основните начела вградени во бројни меѓународни декларации и повелби на Обединетите нации, КЕБС, Париската повелба, статусот и односите меѓу државите и народите во светот. Во име на која и каква демократија, врз кои меѓународни норми и принципи се ограничува правото на еден народ на свое повторно слободно самоопределување, на неговата историја, на неговата државност и име. Секако ќе се сложите во овој момент тешко човек да се одбрани од емоции, можеби признавам под такво влијание си поставувам прашање, дали е тоа некоја нова Јалта, некој нов Букурешт или Берлин. Се прави ли обид да се повтори историјата и во кралски двори и на зелени маси да се одлучува за судбината на еден народ и на една држава за која тој сам веќе се изборил и како народ и како суверена држава за која генерации и генерации ги дале своите животи,

III/1 лк/вц

**КИРО ПОПОВСКИ:** (продолжение)

Може ли на прагот на 21 век толку лесно да се врати тркалото на историјата, други -наместо самиот тој народ да одлучува за неговото постоење, да му се *оспорува името во кое е вградена целата негова историја, неговите традиции, и целокупното творештво. Оттаму, по мое мислење, очигледно не е прашање на името, туку тоа се зема како параван и покритие за остварување на сопствени други посебни интереси и цели токму на тие дванаесетмина. Си поставувам прашање дали сценариото за Република Македонија токму во тие демократски кралски двори не е веќе направено. Затоа, се прашувам дали не е тоа договор или поточно заговор за ново прекројување на Македонија. Случајна ли е коинциденцијата во промените на ставовите на соседните земји со промените на ставовите на Европскиот совет?

Случајни ли се идеите за нова конфедерација на Балканот во која се гледа и Македонија но без нејзино изјаснување? Или пак, дали е тоа таканаречен европски модел кој се нуди на Република Македонија за решавање на меѓунационалните односи и слично. Како да нема доволно примери во историјата кои толку јасно говорат дека секогаш ваквите обиди предизвикувале потреси и пожари не само на ова подрачје туку многу пошироко на Балканот и во Европа.

Верувам дека секој граѓанин ќе се согласи дека во историјата овој народ и оваа држава опстоиле на бројни закани и дека нема цена која не би ја платиле во одбрана на своите суверени права и својата слобода и дека по секоја закана секогаш сме излегувале посилни. Верувам дека тоа ќе бидеме и во оваа ситуација. Со други зборови, верувам дека на секој граѓанин на Македонија јасно му е какви се опасности крие и за какви се цели може да биде употребена оваа нова европска формула за Македонија.

Но ќе се согласите во овој момент емоциите ни се премногу силни, еламентирањата не помагаат и мора да го победиме овој момент, да се тргнеме од неправдата свртувајќи се кон она што треба да се направи во иднина.

Затоа, како прво предлагам предлогот на Европскиот совет во делот на Декларацијата што се однесува на Македонија енергично да го отфрлиме како неприфатлив односно дека е неприфатливо поставувањето на прашањето за името на Република Македонија во било која форма за која народот се определил од неговото постоење до денес. Тоа би било и преседан во историјата, една генерација неовластено да прекрстува стотици и стотици генерации кои под тоа име се бореле и опстојувале на овој простор.

Второ, поаѓајќи од оценката дека во овие драматични историски моменти единството во Републиката е најбитно и дека после овие атакувања врз Република Македонија треба да излеземе со уште поголема мобилност и пошироки акции за меѓународно признавање на Македонија. Предлагам парламентарните групи во Парламентот да покрената иницијатива за потпишување на политички договор меѓу сите партии за застапување на еднакви вредности кога се во прашање суверенитетот, независноста и државно правниот статус на Република Македонија. Поделба на Македонија нема освен ако некој не присакува војна во Македонија што нема да биде само балканска. Според тоа, нема ни Србија во Македонија, ниту Бугарија во Македонија нема ниту Албанија во Македонија, ниту Грција, а спремни сме со сите нив врз рамноправни основи да остваруваме соработка и добрососедски односи. Тоа би значело договор за секоја партија и секој лидер и било кој друг во меѓународните контакти да не смее да застапува друг интерес, да нуди и прифаќа други

сценарија. Познато е во историјата дека надворешниот непријател полесно победува ако има внатрешни непријатели.

Трето, предлагам натамошно доградување и сообразување на досегашната политика, не промени на целите на нашата надворешна политика, туку доградба согласно новите промени на стратегијата и многу повеќе на тактиката на нејзиното остварување. Треба нова офанзивна стратегија со многу посуптилна тактика, поставена широка основа во комуницирањето со земјите во светот во сите сфери и посебно на широк пропаганден план. Имаме широки потенцијали не само во областа на дипломатијата, во областа на науката, културата, спортот, во стопанството и во секој граѓанин кој може да даде сопствен придонес за меѓународното признавање на Република Македонија.

Четврто, предлагам изградување на економска стратегија која ќе смета пошироко на светот, а не само на Европската заедница, подготвувајќи се за опстојување на Републиката и на овој народ и во случај на подолгорочно непризнавање.

Петто, од името на пратеничката група на Социјалистичката партија на Македонија предлагам да усвоиме декларација како наш одговор на предлогот содржан во Декларацијата на Европскиот совет што се однесува на Македонија, во кој ќе бидат изразени основните определби за кои овој парламент и народот во целина широко се изјаснил и во повеќе наврати ги потврдил како наша главна определба во меѓународните односи со оценка дека Република Македонија ги обезбеди сите услови и гаранции, би рекол и многу повеќе од оние вообичаени во меѓународно правниот поредок за меѓународно признание за што впрочем и истакнати европски експерти и арбитражата на Европската заедница што таа сама ја формира го искажаа својот крајно позитивен однос и согласност.

III/4

Поддржувајќи ја изјавата и пораките на претседателот на Републиката по повод Декларацијата на Европскиот совет ц посебно во делот каде што укажува на неопходноста и големата потреба во овие драматични моменти да се обезбеди единство меѓу граѓаните и сите други општествени субјекти во Републиката, изразувајќи му потполна доверба, во името на Социјалистичката партија, целосно го поддржуваме претседателот на Републиката уверени дека ќе истрае во својата одлучност и енергичност во битката за меѓународно признание на Македонија.

Едновремено, високо ценејќи го гестот на министерот за надворешни работи господинот Денко Малески оценуваме дека во овие историски моменти и потребите бараат да ја повлече својата оставка во интерес пред се на Република Македонија и сите граѓани на нашата Република.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со внимание ја слушнавме информацијата на господинот Денко Малески. По повод ова негово излагање дозволете ми да се осврнам на некои невралгични точки непосредни сврзани со состојбите во кои се најде Македонија по состанокот на лидерите на Европската заедница во Лисабон.

Чувствувам потреба уште во почетокот- да истакнам како наша општа оценка дека во овој момент македонската млада демократија не го положи успешно својот испит и во иднина таа не ќе може да го прави ако и натаму се овозможува отворено да се зборува за грешките што ги прави владеачката структура, посебно за погрешната политика што ја води македонскиот државен врв.

Во овој момент, исто така чувствувам за потребно да истакнам дека ако и натаму преку македонските средства за јавно информирање не се обезбеди подеднаква медиска рамноправност за сите партии и ако поразот

на една политика и натаму се прикажува како успех што беше карактеристично на досегашните режими, ние не можеме да зборуваме за слободата на печатот ниту пак за било какви други демократски слободи. Ако на единствената опозициона партија во Македонскиот парламент не и се овозможува преку редовните ТВ термини и страниците на дневниот печат да ја запознае македонската јавност за своите ставови, дозволете ми во оваа прилика да ве запознам дека македонската јавност не беше запознатa со интегралниот текст на соопштениот на Изврпшниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ што беше даден на последната конференција за печатот. Од тие причини сакам накусо да ве запознаам со дел со тие ставови кои случајно или не не допираат до пошироката македонска јавност.

Наша констатација е дека во овој политички миг политиката што досега ја водеше македонскиот државен врв дефинитивно ја доведе Република Македонија на слепата улица на меѓународното непризнавање. Според тоа, оние политички оценки што ВМРО-ДПМНЕ ги даваше и повторуваше, а никој во Македонија не сакаше досега да ги чуе сега веќе станаа трагична реалност за Македонија.

Од тие причини, повторно го поставуваме прашањето:

До кога Македонија ќе остава настаните да се случат да не се предвиди ниту еден од нив и секогаш да се најде во затечена позиција? Очигледно, таков е случајот и со најновата Декларација на лидерите на Европската заедница од 27 јуни годинава, која дефинитивно покажа дека мудрата меѓународна политика на македонскиот државен врв доживеа целосен пораз. Велиме пораз затоа што политиката на траен компромис и во постојана дефанзива за националните и државни интереси на неокомунистичкиот и пројугословенски ориентиран македонски државен врв ја доведе Македонија во безизлезна ситуација.

Очигледно е дека со Декларацијата од Лисабон се запечатува македонското прашање за подолго време. Очигледно е дека Македонија и Македонскиот народ влегуваат во еден од најтрагичните и најнеизвесните периоди во својата историја. Од тие причини сметаме дека борбата за меѓународно признавање на Македонија треба да продолжи и уште повеќе да се интензивира. Наша оценка е дека морално право на таа борба од денес имаат само вистинските национално определени демократски сили во Македонија, кои на европската политичка сцена треба да настапат со нова платформа, со нов концепт на надворешната политика поинаков од оној што досега ни се сервираше.

Господа пратеници, во овој Парламент ние повеќепати го изнесувавме својот став дека државното раководство ја води Македонија во целосна меѓународна блокада и изолација, а нејзината национална безбедност е доведена во позиција да зависи од сите други, само не од Македонија. На економски план систематски и плански се уништуваше македонското стопанство со јасна цел, од македонецот да се направи безличен човек.

Претседателот на Републиката за краткото свое владеење успеа да го згази моралното достоинство на македонецот, а Македонија ја направи земја на која веќе и се потсмеваат и сожалуваат. (во салата се слуша реагирања од повеќе пратеници).

Благодарејќи на неокомунистичката диктатура која е воведена во медиумите, патот и одот кон катастрофата и поразите и натаму се прикажуваат како мудрост и успех. Не, господа пратеници, за македонската надворешна политика повеќе не може да зборуваме дека ја има правилната насока кога постојат непобитни факти, Македонија не го доби меѓународното признавање, а нејзиното име е оспорено.

Голема илузија е од демократска Европа да бараме демократија, а притоа да не се. презелтира вистината за состојбите во Македонија за кои сите знаеме дека не се докрај демократски.

Неможно е со стари идеи во нови дипломатски патки, како што тоа го прави претседателот на Републиката и министерот за надворешни работи господинот Денко Малевски, во Европа да се презентира нас-ледството од бившата надворешна политика на СФРЈ, да се прикажува како нешто ново.

Според тоа, навистина не ми е јасно зошто претседателот на Републиката и министерот господин Денко Малески се чудат како Алиса во земјата на чудата дека Европа не ја признава Македонија, ако тие не знаат Европа тоа добро го знае.

Зошто?

Затоа што македонската надворешна политика никогаш на Европа не и ја презентира вистината за Македонија, за нецелосно остварениот суверенитет на Македонија, пред се на воздушниот, како и за неизградената државност и неприменливост на новиот устав, заради сеуште неусовоените системски закони за државните симболи, приватизацијата итн. Со ниту еден збор на таа Европа не и е речено дека освен во Србија и Црна Гора и во Македонија по првите повеќе- партиски избори на власт останаа комунистите. Ако македонската надворешна политика на Европа не и каже дека силите од бившиот југословенски систем и натаму сакаат да го задржат наджиveаниот систем, иако и натаму се избегнува да се именува кој е агресорот во Југославија, па во последно време и во БиХ и ако некој стои зад таквата опција, тогаш сите ние знаеме дека таа е српската опција, со која Република Македонија не може да се признае, а која опција не е прифатлива за голем дел од македонските партии и посебно за ВМРО-ДПМНЕ.

III/8

Ако на сите ни е јасно дека се непомирливи поимите демократија и неокомунизам, кој завладеа во Македонија, тогаш голем лапсус е и на претседателот на Републиката и на господин Денко Малески едно зборуваат за Македонија во Европа, а Европа тоа поинаку го подразбира* За жал, за Македонија сеуште не можеме да зборуваме како за држава, ако таа Македонија сеуште ги нема остварено сите свои надлежности и остварувања, едноставно таа сеуште е без темелите на својот целокупен суверенитет.

Министерот Денко Малески на Европа не и кажува дека во Македонија се прави македонска армија со необолшевички старешински кадар со исклучок на поединци за кои постои оправдан сомнеж дека може да биде сигурен гарант за мирот и безбедноста на Македонија. Ниту пак на Европа и презентира дека тој доследно се залага за принципот на неповредливост на границите спрема сите соседи подеднакво, посебно спрема Србија што практиката постојано не демантира.

Крајно е време Европа да добие пореална слика за сите овие состојби и за моментната положба во која се наоѓа Македонија. .Дали македонската надворешна политика, чии главни креатори се претседателот на Републиката и Министерот Денко Малески и натаму треба на светската политичка сцена да ги застапуваат интересите .на Македонија, останува самите тие добро да размислат.

IV/1/сс/см

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ**

На почетокот знам дека секој што ќе ја каже вистината треба да умре. Меѓутоа, овој пат тоа ќе го прескокнам, без разлика на било какви импликации.

Најнапред сакам да кажам дека надворешната полит^ика не може да се исклучи без внатрешната политика. Тие два сегменти одат поврзани едни со други. И, ако таквата надворешна политика е лошо водена, нормално ќе се добијат одредени резултати што ги имаме денеска, а ако беа позитивни, ќе беа и на друго стојалиште.

Сакам да укажам на тоа дека во првиот момент ќе се задржам на сегментот внатрешна политика па после, за да можеме како логична целина да укажеме и на тоа кои се реперкусиите од надворешната политика.

Сегментот надворешна политика е во тесна корелација непосредно со сегментот на внатрешната политика. И овој конкретен случај, без ревизија на внатрешната политика ние не можеме да дадеме ниту прав ниту вистински одговор на надворешната политика.

Прво, суспендирањето на демократијата во Македонија уште при самиот старт на Парламентот и на парламентарните избори е тешка опструкција при конституирањето на парламентарната власт. Исфрлена е од игра најмоќната партија во Парламентот, формирана експертна влада т.е. претседателска влада, лично приватна и тоа од претседателот кој е најголема и најскапоцена и промашена инвестиција од страна на комунистите во Република Македонија и водена во нивни стил и погребување на македонската нација и македонските граѓани воопшто.

Второ, јакнењето на поеданечната авторитарна власт во поедини институции на системот, тоа е очигледно во Македонија.

Службата за внатрешни работи, народната одбрана, информативната дејност, тука пред се ги вклучувам телевизијата и Нова Македонија како информативни гласила,при што сите непослушни што не мислат со главата на првиот човек се отстранети. Ние имаме и евидентни случаеви тука во нашиот Парламент. Прво, заради одредени принципиелни причини доброволно даде оставка министерот за образование, меѓутоа. причините ги знаеме. Исто така уште еден министер за народна одбрана беше сменет. На потег беше министерот за култура кој е во оставка, сега го имаме министерот Денко Малевски, за надворешна политика и по случајност министерот за народна одбрана, поради случај беше нормално да се стави нов човек.

Трето, непринципиелен и некоректен е и недржавнички односот кон институцијата претседател на Републиката и водење на самата политика што ја поседува и има претседателот на Републиката. Тука треба да правиме особена разлика. Институција претседател и полити- ката што се води од страна на претседателот.

За мене, претседателот треба да биде сублимат на народот,. на граѓаните, кохезиона сила на повеќепартискиот систем и вистината на демократијата. Кај нас, во овој случај претседателот е олицетворение на либерал комунизмот, реставрација на поранешните такви личности од типот на Црвенковски, Вера Ацева, Беловски, Ксенте Богоев итн.

Исто така, ние не сакаме да ги сфатиме демократските процеси што струјат во цел источен блок каде бил тој социјализам или комунизам. Туку напротив, во Македонија место да се чекори со брзи чекори кон таа

демократија, да се врши преструктуирање на системот, ние вршиме реставрација на болното минато и лечење на комплекси. Сакаме трансформација на системот по хоризонтала и вертикала, ние мислам, сакаме трансформација на системот по хоризонтала и вертикала и допуштаме на парламентарната демократија да заживее во права смисла на зборот и како правна држава. Затоа, јас мислам дека и тука се направени одредени пропусти во поглед на таа внатрешна политика и во градењето на внатрешната демократија. Јас не можам да сфатам дека во еден човек, во една држава може да биде се.

Во тој правец и со влегувањето во овој Парламент преку парламентарната група настојувавме сето она што се гради во овој Парламент да биде градено врз база на таа демократија на почитување на мислењето, на разликите на мислењето итн. Меѓутоа, за жал, во полно работи тука, во нашиот Парламент се случија сосема обратно. Затоа имаме и одредени негативности.

Не може еден човек да биде претседател, да биде премиер, да биде Влада, да биде Парламент и да биде експерт за надворешна политика, за признавање на Република Македонија. Кај нас, господо, во еден човек е слеано се, ама токму баш се. Во Македонија господинот Киро Глигоров, претседателот на државата е се. Не можеме ние како македонска држава да се потпреме само на еден човек. Затоа постојат демократски институции во системот на кои ние треба да ги поделиме сите работи. Она што му припаѓа на одреден систем, треба да му припадне и на носителите на тој систем да го спроведуваат и тука, нормално доаѓа до израз лично интелектот, способноста на одреден министер, на одредено ресорно министерство и луѓето кои работат во тоа министерство, а не преку

призмата или не преку главата на еден човек да се трансформира. Тоа е многу лошо, многу погубно и тоа мене ми наликува на еднопартизмот кој владееше во Македонија, а кој за жал, уште по некоја инерција продолжува и понатаму да се спроведува. Затоа јас недвосмислено и често пати во интерните разговори тука во Парламентот и директно со господинот претседател, со господинот претседател на Собранието разговарав дека треба да се слушаат различните мислења, треба одредена флексибилност и на овој демократски принцип треба да се издржи. Но, навистина тука направивме некои погрешки и време е тоа да го разрешиме.

За нашата демократија каква е таква, навистина треба да го знае демократскиот свет. Ова е недопустливо. Ова треба да го знае и демократскиот свет на САД, како демократска земја, најголем поборник и заштитник на малите народи и малите држави и демократијата во нив. Очигледно, ние мораме да признаеме дека ова го знае добро и во детали светот за- нас и за нашето недоследно спроведување на деМократи- јата и овие промени што самите треба да ги направиме и што сме на испит

Но, исто така е евидентен фактот дека таа демократија во некои земји од овој источен блок, особено ако ги земеме Србија, Црна Гора и Македонија, овие процеси се закочени на некој начин.

Едноставно кажано, Македонија, Србија и Црна Гора се последниот бастион на комунизмот на овој дел. Ако не ја исклучиме Кина, ако не ја исклучиме и Куба.

По ослободувањето во Македонија Србија имаше свој џокер и олицетворение преку одредени личности доминација на власт. И во овие моменти ми се чини дека има некакво приклонување кон одредени личности што може да се сведе и на протежирање на одредена политика од страна

на Србија, а во тој контекст и на Црна Гора како заедница. Во тој контекст јас мислам дека и сеуште ќе остане неразбрана средбата на господинот Глигоров- Милошевиќ во Охрид. Затоа треба и ние, како пратеници нешто повеќе да знаеме.

Сегментот на надворешната политика, љубоморно, свесно или несвесно и намерно тоа треба да го кажат протагонистите се присвои од страна на три личности во Република Македонија. Тоа е министерот за надворешни работи, претседателот на Републиката Киро Глигоров и претседателот на Собранието.

Овој Парламент сакаше да формира парламентарна владина делегација или делегации за посета на одредени европски земји каде имаме стратешки интереси да се договараме и преговараме или да научиме одредени состојби во поглед на таа надворешна политика. Тоа прашање неколку пати беше поставувано од господинот Бошков. Меѓутоа, тоа за жал до денес не е ниту спроведено, а не е ниту прифатено. Често се правеа одредени калкулации.

Исто така, мислам дека беше една основна грешка во поглед, и како почнавме да се осамостојуваме и да го градиме тој процес на поддржување на Република Македонија како права, вистинска држава, во прав смисол на зборот, одредени земји не признаа. Тука е Турција, тука е Бугарија и некои други. Ние за одредени признанија од одредени земји, ама точно ништо не сторивме, ниту испративме ниту едно писмо или во нашите дневни гласила или преку телевизијата да се заблагодариме на тие земји за тоа признавање. Тоа просто и едноставно беше како да не сакавме да не не признаат. Ни беше криво затоа што не признаа тие земји И до денеска одредени коктакти со тие земји не се сеуште на тоа ниво за да се остваруваат и да се добијат одредени резултати во поглед на воспоставу-

вање дипломатски односи, отворање. конзуларни претставништва итн.

Исто така, (коментари од страна на пратениците) и вам ви се заблагодарувам за коментарот од место, вие додека зборувавте јас ништо не коментирав, исто така пред овој Парламент треба навистина некои прашања да расчистиме ние како пратеници. Исто треба да ги расчистиме и пред нашата јавност.

Во САД, на тој континент испративме специјален пратеник за одредени проблеми, во врска со меѓународното признавање на Македонија да градиме одредени ставови и тој човек да има одредена функција. Меѓутоа, како што инкогнито тој човек беше пласиран за специјален пратеник, така инкогнито нечујно, тихо беше вратен и немаме ниту траг ниту потраг. Некој треба да даде отчет за овие состојби. Јас не знам. Јас не сум компетентен да дадам. Сигурно има личности овде, тие што ја водеа таа надворешна политика, нормално или ќе го соберат медот или ќе го скршат грнето. Или ќе станат многу славни, а другото е или ќе стане погубно за нив и за водењето на таквата политика. А крајниот резултат се знае што е. Ако таквата политика не вроди со плод оставките на овие луѓе се неминовни, поготово лично за мене како човек.

Исто така, не ми е познато дали по враќањето од средбата со министерот за надворешни работи на Велика Британија Даглас Херт дали нешто им е сугерирано на нашите државници што ја водеа оваа надворешна политика и за оние состојби во Македонија за кои јас претходно нешто кажав. Колку што умеев и знаев, толку кажав. И, дали во оставката на Денко Малевски се крие уште една жртва за политиката на одредени личности во Македонија, конкретно за претседателот на Републиката.

Ако, според мене вие можете слободно и да се потсмевате, слободно можете и да мислите како што сакате, меѓутоа за мене поважен е и повеќевиновен менторот одошто студентот или оној кој треба да заврши докторат. Погрешил или не погрешил. Во случајов во случајов господинот Глигоров е ментор а господинот министер е тоа што кажав претходно. Одговорноста прво треба да падне на претседателот, па потоа на министерот.

Исто така, многу симптоматично ми беше и обраќањето на господинот Глигоров на телевизија по враќањето од Велика Британија, а исто така и по Декларацијата на Европската заедница за која јас безрезервно и категорично ја прифаќам, како што и претходните соговорници кажаа дека стоиме на тоа заедништво и единство околу непроменување на името и отстапки тука нема и нема воопшто да се прават.

Меѓутоа, како татко*на нацијата јас мислам дека претседателот требаше во живо да се обрати на ТВ екраните. Кога можевме за едно патување во Канада и Америка да добиеме специјални документарни емисии за посетите на нашите цркви, на нашите заедници и да бидат носени таму крупните директори на ТВ куќата од Македонија за снимање на специјални емисии, можеше и тоа да се направи и во овој момент и да се каже на нацијата, на државата дека тоа и тоа се случува во живо, а не само со говорот на спикерот. Мислам дека тоа е една политичка погрешка.

Неминовно тука се поставува и едно друго прашање, во колизија е тесно поврзано. Уште во почетокот со формирањето на оваа власт и Парламентот, со формирањето на овој Парламент инсистиравме барем

некои прашања од витален национален дравен интерес да се стават или на хартија или не мора да се стават, меѓутоа да се договориме ние и од нив да нема отстапување. Тие да бидат една граница или мерило или коректив ако сакате. Над тоа се е позитивно. Под таа граница се е негативно и секоја негативна работа поднесува секвентна оставка итн. Ние, тоа не го направивме. За жал, после 1, 5 или 2 години колку ќе прави овој Парламент се отрезнивме и повикуваме на национално единство. Јас мислам дека тоа што се направи последно, сега, да се повикуваме на национално единство, требаше да биде прво во овој Парламент и тоа требаше да биде првична политика и да нема разидување во поглед на заедничките национални државни граѓански интереси на оваа држава. Тогаш не ќе имаше никакви предрасуди, не ќе имаше фрлање анатема на било кој овде во Парламентот и на нашата јавност.

Инаку, за мене сега тоа не е ниту толку важно бидејќи возот замина. И понатаму ќе инсистираме на тоа единство, меѓутоа за сета оваа состојба, за сето водење на оваа надворешна политика, за сето она што се случува и на внатрешен план во Македонија во поглед на меѓунационални односи, во поглед на школство, информирање кое тотално служи на одреден сталеж луѓе во Р. Македонија и нема никакви промени, тука има статус кво, тука има едно мртвило, Македонија не живее во оние демократски процеси, апсолутно сметам дека првиот човек на нацијата ја има најголемата одговорност и редоследно по хиерархија како што следува

И,понатаму не сакам многу да должам а можеби многу оддолжив, бидејќи често кажуваме не сакам да должам а оддолжуваме. Сметав и порано дека надворешната политика требаше да ја водиме многу поагресивно, многу поегостично и многу посебично за нас. Тоа што бидна, бидна. Мислам дека треба да продолжиме со нови сили, со нови чекори, и во тој правец имам одредени предлози.

IV/9

Директно да се обратиме до ОН за прием на Македонија во Заедницата на народите, со оглед на тоа што ги исполнуваме условите тоа го покажа и Бадентеровата комисија, во овој случај без менторство на Европската заедница,

Второ, ако имаме сили, можности, ако сме подготвени како пратеници веднаш, уште денес да уследи признавање на сите држави од страна на Македонската држава на они држави формирани со распаѓањето на Советскиот сојуз.

Незнам, доколку во Македонија, а и преку средствата за јавно информирање е пласирана една нова идеа од страна на Србија за воздушна федерација со Грција, ние да понудиме исто така една воздушна конфедерација со Турција и Македонија и со конечно завршувам.

Уште еднаш сакам да потенцирам, најнакрај, бидете трпеливи, со оглед на ваквите состојби, со оглед на се она што се случува во Македонија во поглед на трансформација на системот и на вградување на демократијата низ институциите на системот и низ општопознатите светски принципи на демократија и на парламентарни избори што кај нас воопшто не се спроведоа изборните резултати не се до крај спроведени, јас кажав претходно зошто, мислам дека и од оваа говорница сум категоричен во мое лично име, не во име на никаква парламентарна група, дека тројца луѓе за сето водење на оваа погрешна политика треба да си заминат од политичката сцена во Македонија. Тоа се претседателот на Републиката, министерот за надворешни работи господинот Денко Малевски и претседателот на Собранието господинот Стојан Андов.

V/1 пј/лб

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Почитувано претседателство, почитуван претседателе на Републиката, претседателе на Влада со сите присутни членови и почитувани пратеници

Денешна наша првобитна задача е зошто се собравме тука е да изградиме наш конкретен заеднички став, т.е. договор да дадеме одговор по повод дел на Декларацијата на Европскиот совет од 27 јуни 1992 година на состанокот одржан во Лисабон. Поводот е јасен, поводот е тој што донесе вознемиреност и без потреба многу до сите граѓани на Македонија до сите нас во Парламентот до сите структури и институциите на власта, за што по се изгледа ние со право очекувавме сосема друг одговор, а го добивме тој одговор што го добивме Пред да кажам било што, сакам да ве замолам да водите сметка малку повеќе одговорност кон јавниот збор. Сосема ми е јасно дека секој си сноси поединечно одговор сите после сите заедно, но чувствувам за потреба тоа да го подвлечам, иако пред мене дефилираат само тројца говорници. Мислам дека е многу битно пред да се каже било што и по овој повод сериозно, одговорно, сестрано да се оцени позицијата на Република Македонија. Потесно на регионот наречен Балкан со сите со- седи, со сите проблеми, успеси, неуспеси, потоа наречен дел на југоисточна Европа, потоа позицијата на Македонија во релации Европа, посебно Европската заедница и пошироко. Потоа на оваа говорница ми се чини ќе успееме пореално посодржајно и со повеќе факти да ги изнесеме нашите мислења, нашите позиции, било тоа лични, било тоа партиски, било тоа пратенички, било^ тоа национални или моја желба е да биде тоа се граѓански од позиција на Република Македонија.

V/2

Наша втора задача или желба повеќе е што се изрази уште вчера во нашата средба на координаторите и четирите комисии со претседателот на Собранието и со претставник на Владата. Таа желба во овој миг, во овој момент, по овој повод, по овој најосетлив, најсериозен проблем да вршиме напори да бидеме единствени.

Мојот впечаток беше дека уште во почетокот дека ние веќе кажавме дека сме единствени. Мое интимно лично чувство и определба е дека нема апсолутно ниту еден аргумент да не бидеме единствени. Но, за жал позициите од кои ние расудуваме или градиме ставови како да зборуваат за нешто друго дека ние еве и во оваа најболна точка за нас не можеме да бидеме единствени. Јас во тоа не сакам да верувам, не поаѓам од тоа што слушнав досега или што ќе се каже понатаму, сакам да верувам во тоа, дека ние скоро после 17 часот дојдовме до конечен наш заеднички одговор врз текстот што ни го понуди Владата на Република Македонија и останавме две три многу ситни работи да ги расчистиме и тој текст сите пратеници. Нашиот обид требаше да продолжи, а тоа ни беше и обврска да дадеме одговор кој бездруго каков и да е мораше да ја зајакне,барем,за малку повеќе позицијата на Република Македонија во понатамошниот дијалог. Се залагав и верувам сите се залагаме за документ во конкретниот случај за декларација, која ќе докаже дека ние сме достоинственст партнер за почит и за политички дијалог. Се залагавме скоро сите документот да биде комплетен одговор, да биде пократок, т.е. што поконцизен и политички на професионално ниво. Во документот кој што сите го немаат кажуваме јасно и гласно што поздравуваме, а што не прифаќаме и чувствувавме за потребно, сите се сложивме во тоа што не прифаќаме да кажеме и збор два и две три точки повеќе зошто тоа ние не можеме да го прифатиме.

Второ, излагањето на господин Денко Малевски јас лично како Ештреф Алиу го прифаќам и тезите кои ги постави во вид на одговор на оние кои критикуваат, а исто така и за оние кои сепак веруваат или ја поддржуваат, но и за првите и за вторите тој најде за сходно да напоменува дека е потребно свртување од тоа што не обединува. Најде за потребно да подвлече дека е неопходно потребно повеќе и посмело да се ориентираме на сопствените сили, обидувајќи се самите себе да градиме чиста и точна претстава. Сметам дека е ред по овој повод да се каже уште нешто.

Темелните определби на надворешната политика на Република Македонија беа градени од нас сите. Се разбира, и од пратениците на ВМРО. Во оваа зграда, т.е. конкретно во оваа сала, во овој Парламент Затоа, е неопходно потребно да го расчистиме следното, дали надворешната политика на Република Македонија отстапувала од политиката што е градена во овој Парламент. Ако отстапувала, тогаш е ред и коректно, Достоинствено, демократски и неопходно потребно да се каже, да се подвлече кога , каде, по кој повод, во која средба, која личност тоа го направи. Заправо, да знаеме сите и тие кој се поупатени, и тие кои се по професионални во политиката и јас како аматер или скромен познавач или човек со многу сиромашни знаења во политиката да ми биде јасно дека во оваа средба се направи оваа грешка, во оваа изјава нашите претставници одлучивме или се определивме или требаше да кажат тоа и тоа, а го кажав ова и ова и затоа точно би било,јасно дека се еве пример каде се погрешиле. Јас до сега успеав да слушнам само тешки обвинувања, но јас врз обвинувањата не сум во состојба да се престројам во друг строј,. т.е. обвинувањата да ги прифатам како точни. Неопходни се како што се обидов да подвлечам аргументи. Вршев обиди на некои од тие обидувања да се потсетам да го најдам местото, каде, кога по кој повод. Јас тоа не успеав да

најдам. Признавам дека  тоа што не успеав можно е да се однесува на моите незнаења. Јас за тоа не се срамам. Но, барам, се надевам и имам право да апели- рам од следните говорници кои по доста колку што видов се изјавија, до колку се одлучуваат да фалат или да критикуваат да се обидат и тоа да го илустрираат конкретно со примери. Дури тогаш мислам дека ќе се здобиеме со кредибилитет да кажеме дека ние сме се определиле со срце со душа, со ум и со знаење, со сето наше битие за оваа Македонија, за оваа демократија, за Македонија која треба да биде меѓународно призната сме се определиле за модерна држава која ќе гради односи со односи пријателски со сите и која ќе просперира со светот.

Инаку, да не ми замерите мене поодамна веќе сум кажал премногу ми е од зборови, било да се тоа многу пофални, многу слатки, многу добри, на Македонија, на граѓаните на Македонија им е потребно добар труд,, често залагање.

Втора работа која сакам да ја истакнам по овој повод е тоа дека јас стојам зад оваа политика, т.е. ја поддржувам. Не тврдам дека оваа политика била безгрешна, не велам дека била супер професионална, не дека постигнала огромни успеси, но колку јас гледам и чувствувам и знам во едно сум сигурен дека барем досега до денес оваа политика ја поддржуваат граѓаните на Македонија. Свесни по се изгледа тие граѓани дека патот до конечниот успех е многу тежок, но вербата дека пат е остварлив. Овој повод без образложение би сакал да се навратам на обидот што го направи господин Малевски за потребата за осврнување кон себеси и обидот, можноста за себеси да имаме чиста слика во преносна смисла не, туку во конкретна сакам да подвлечам многу е битно да се води сметка светот кој е влијателен, кој одлучува колку е заинтересиран, како е заинтересиран, која е позицијата за ова толку мало поднебје, за овие 2 милиони граѓани на Република Македонија. Со тоа ништо ново не кажувам но кога сакаме да

фалиме или да критикуваме, треба некои законитости од дијалектиката, некои конкретни релации од актуелната политика и актуелните состојби од светот да ни бидат барем малку блиски и јасни. Тоа само ни овозможува да дадеме донекаде по реален суд или вреднување кое за нашето престојување против оваа политика и понатаму со оваа политика, со овие чекори, до овие напори или со некои корекции и измени со истите луѓе или не со оваа политика, не со оваа динамика не со овие луѓе. Многу е лесно само да се каже сум против, или сум за, и морален чин и обврска е да се знае зашто за и зошто сум против.

Да завршам со исто така еден апел во дискусиите да водиме сметка да не ја испуштиме главната тема, т.е. главната цел зошто ја свикавме набрзина оваа седница и што расправаме тука.

**ЕШРЕФ АЛИУ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Ценам дека гестот на господин Малевски сум успеал правилно да го сфатам. Но тој гест зошто е направен за да сфати тој до кого односно зошто е тоа правено и до кого е правено, должност на сите нас е да помагаме и да придонесеме, а не да одмагаме. Лично за мене господин Малевски треба да врши напори и понатаму да остане на должноста на која е, бидејќи сметам и по овој повод, треба и да се каже дека во професионалните кругови на Европа и пошироко каде се води и се крои политика, господин Малевкси, како личност е доста добро прифатен.

Ние, по повод одговорот, да не одам должен, да не се рече дека не кажа ништо, ние го кажавме на средбата вчера, пратеничката група го кажа, ми се чини на ПДП преку изјавата на Митхат Емини, јас во ТВ дневникот на албански јазик исто така кажав и не е на одмет да се повторува дека стоиме зад ставот да бидеме цврсти и единствени со името Македонија да се оди напред и да нема никакво пазарување. т.е. тоа го кажа пред сите нас, ми се чини господинот претседател Глигоров, но би подвлекол дека ние не сосема со право и не сосема професионално го ангажираме целиот народ околу себе, околу нашите проблеми, околу нашите согласувања и несогласувања. Треба да му се каже на светот и по овој повод дека граѓаните на Македонија го имаат единствено тоа право, тие се одлучиле за тоа име. Кога тие ќе оценат дека во интерес на граѓаните на Македонија може да биде и друго име тие тоа ќе го прават без оглед ан тоа дали го бара тоа Европа, или го бара еден сосед, настојувал тој тврдоглаво така да биде или не.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа,

Во трговијата и политиката нема ниту симпатии ниту љубов према противникот, а посебно во политиката никогаш не до- минирала правдата, па така и овдека во овој случај околу признавањето, односно непризнавањето на Република Македонија, не требеше да очекуваме такво нешто и не од страна на Република Грција, па и од таму сета вина да ја префрлуваме врз неа дека таа е единствениот виновник што Европската заедница не н<§ призна на Лисабонскиот состанок од минатиот викенд.

Нашата надворешна политика за меѓународното признавање на Република Македонија, требаше да биде попланирана, поосмислена, поофанзивна и поагресивна и со најголемо залагање како спрема соседите, пошироко во Европа на исток и запад и во прекуокеанските земји. Таа се одвиваше од тесен број на луѓе и не беа вклучени активно македонските дипломатски кадри како и сите оние луѓе кои можеа да дадат свој допринос за ова дело.

Сега кога ќе се направи ретроспектива за нашата меѓу- народна активност, нашиот маневарски простор во тек на меѓународното признавање на Република Македонија беше сведен на европската заедница и тоа не кај сите нејзини членки туку кај поедини, обединетите Американски држави, Канада и Австралија, а исто така со исклучок на поедини земји на балканскиот регион, како што е со Бугарија, Турција, Романија, Албанија и пред десетина дена и со Полска но не и со Шведска, Норвешка и Финска.

VI/3.-

Ќе се осврнам на едно подрачје кое овде во досегашните дискусии не беше спомнато за нашата досегашна активност околу признавањето на Република Македонија, нашето малку или скоро и воопшто необраќање до источноевропските земји како што се: Унгарија, Чешко- словачка, Полска и поранешните републики на Советскиот сојуз, а сега независни држави на прво место Руската федерација, Украина, Белорусија, Прибалтичките републики: Летонија, Естонија и Литванија, како и други држави од овој сојуз

Активноста со овие источноевропски земји требаше да биде на повисоко ниво, почесто и во двата правца да се изнесе нашата вистинска стварност, реалност дека тука е Република Македонија со македонскиот народ и граѓаните кои живеат тука со многу бројни национални права, многу повеќе него ли што малцинствата ги добиваат во соседните земји па и пошироко во Европа. Па, и од таму активноста иако во овој период кога од Европската заедница сме ставени во ултимативна состојба да го избираме новото име, нашата активност треба да биде уште поголема и со овие источноевропски земји.

Македонската јавност како и Парламентот за нашата меѓународна активност во најголем дел беше известувана преку информативните гласила, иако сметам дека за парламентарците на ова Собрание треба тоа да биде директно од посетителите во меѓународните преговори одма и за секоја обавена посета овдека во ова Собрание. Дури и со можност за поставување на прашања како и сугестии за понатамошната наша меѓународна активност.

Спрема тоа, со последната одлука - со Декларацијата на дванаесетмината од Европската заедница за нивниот став за менувањето на името на Република Македонија како услов за наше меѓународно признавање, спрема тоа сега имаме состојба освен декларативно изразена волја на македонскиот народ и граѓаните на Македонија во стварност не

постои ни меѓународно призната, суверена и независна држава Македонија. Меѓутоа и покрај тоа што е дојдено од ЕЗ треба да наставиме со наша по активна политика за меѓународно признавање на Република Македонија под тоа име и немаме никакво право и објаснување да го менуваме име*го.

**ДИМИТАР ТРПЕНВСКИ:**

Почитувано претседателство,почитувани пратеници, во историјата на човековото помнение, пренесувано писмено или усмено од колено на колено, познати се случаеви на услови и колапси и на многу огромни империи, римската империја и други. Во тој контекст треба да го сфатиме и македонското прашање со верба дека после поразот ќе доживее и иднина.

Познато е дека со промената на територијалниот и политичкиот статус кво во Европа новата политичка карта на Европа со силата на - економската моќ ја менува Германија. Условно речено Европа се трансформира во Немачка Европа и таа го моделира и ширењето на Европска заедница, за да и во еден таков широк економски организам доминирала со силата на економската моќ.

Со распадот на реал-социјалистичкиот модел ЈУ-државите излегоа од координатите на источниот блок и за САД југословенското прашање е завршена приказна. Тоа се трансформира во европско а не во светско прашање. Меѓутоа, во тој контекст, неспорно е дека и Македонија со воведување на повеќепартискиот систем и пазарното стопанство пројави и политичка волја за вклучување во Европските институции односно ги прифати и спроведува премисите на трансформација на општествениот модел комплементарно на одредниците на западната демократија. Неспорно е и тоа дека Македонија на легален и легитимен начин се определи и обезбеди голема количина на политичката волја на

VI/5.-

македонскиот народ и државјаните на Република Македонија за самостојна независна суверена држава со полн суверенитет како основа за влегување во институциите на Европската заедница и тоа по истите принципи, трансформација на моделот по мирен, демократски начин и со примена на' политичкиот дијалог. Докази: Декларациите референдумот, Уставот, Признанието од Бадинтеровата комисија. Превиди: можеби задоцнивме во поставената платформа при расплетот на југословенската криза. Можеби подоцна прочитавме дека и САД со своите симпатии кон Словенија и политичката поддршка на нејзината сецесија ги стимулирааа процесите на создавање на самостојни и суверени држави на југословенскиот простор, а на предна позиција ја исфрлија синтагмата Југославија да се задржи како целина, како југословенска држава а во суштина ја применија резервната варијанта - создавање на самостојни суверени држави на бившото југословенско тло.

Ние со ништо не противрекувавме на ваквите политички проекти и на ЕЗ и на САД. Можеби предолго, долго се задржавме во федералното претседателство. Дури и членот на претседателството го трансформиравме во специјален пратеник без отчит, за што сега е доцна.

Сите европски големи сили кои беа заинтересирани за сфери на интерес на Балканот, сместени се во големиот политички и економски организам - Европска Заедница. Тука секако најсилна е Немачка. Доказ: огромното политичко влијание за признавање на Хрватска и Словенија и воспоставување на старите и нови сојузништва.

Сега пак со Декларацијата на ЕЗ на цена се резервни сценарија на соседите што ја поделија историската Македонија. Кој тоа може да го спречи. Секако дека ЕЗ,САД и ОН. Меѓутоа кога зборуваме за Декларацијата на ЕЗ ние се произнесувам и изразуваме одредена

VI/6.-

благодарност што се признаваат границите на Македонија. Мислам дека сепак треба подлабоко да помислиме. Од меѓународното право знаеме дека држава, тоа се граници тоа е територија, народ и организирана политичка власт. Се признаваат само граници. Чиста фарса. Ништо не се признава. Според тоа Македонија е сега во нова статусна состојба. Мирно се раздружи од државата, постапи по правните норми на повелбата на ОН или на т.н. светски Устав чии определби се поклопуваат со меѓународното право. Имено, Македонија во политичкиот проект за самостојност и независност никогаш не ја имала во проект примената на сила, а истата не ја ни поседува. Тоа мора да го знае целокупната меѓународна јавност.

Познато е дека основната цел на Меѓународното право не е веќе заштитата на индивидуалниот интерес на држава единка, туку на општиот интерес, а тоа е мирот и безбедноста за сите во светот. Тоа е врховната вредност во хиерархијата во вредностите, заштита со меѓународно право на сите, на интересот на државата единка, на интересот на народот и заштита на неговото право на самоопределвање, правото на човекот итн. Кое право на самоопределување во овој контекст кога немаме признат народ кој може да се самоопределува. Тоа мора да го знае секој студент по право, а обврзано секој член на ЕЗ. Тоа лесно се чита. Ова за Македонија го потврди Бадинтеровата комисија односно Европското независно судство. Тоа покажа дека Македонија и во внатрешната и во надворешната политика апсолутно се служеше со правно дозволени легални, и легитимни демократ- ски свест. Владеењето на правото како вредност на западната демократија очигледно го повреди ЕЗ која е чисто политичка и економска творба, не е правна творба. Која во својот состав има држави што во историјата се огрешиле спрема македонското прашање односно што учествувале и ги проектирале делбите на Македонија. Оттука мораме да го

изведеме заклучокот во овој миг за одредена недоверба спрема оваа политичка и економска творба. Мислам дека потребно е и историографите на Македонија да дадат историски факти како поедини членки од ЕЗ постапувале со Македонија. Со таков интелектуален ресурс Македонија располага да се преведе на познатите светски јазици и со тоа да се запознае ОН.

Експертите по меѓународно право да ги лоцираат повредите на Меѓународно правните творби по прашањето за Македонија од страна на ЕЗ, затоа што имаме судски документ, документот на Бадинтеровата комисија. По сите меѓународно правни норми ја признава Македонија дека ги исполнува условите за самостојна и независна држава, а Европската заедница не.

VII/1 СП/НД

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ**: (Продолжение)

Спрема тоа мислам дека на таков начин треба да вложиме барање за признавање на Македонија до Обединетите Нации, а и жалба?. против Европската заедница како странка во решавањето на спорот за македонското прашање.

Јас вака ја гледам разрешницата на енигмата пред која се наоѓаме. Меѓутоа, исто така, мораме да кажеме дека Македонија е многу вчудовидена како може една членка на ЕЗ да апсолутизира своја политичка волја на другите, бидејќи членувањето во политичките и економските сојузи не дава апсолутизација на суверенитетот. Овде имаме еден еклатантен пример на апсолутен суверенитет на членка во ЕЗ.

Мислам дека мора да се знае и јавноста и сите да знаат дека сите граѓани на Македонија имаат огромна политичка волја за самостојна, суверена и независна Македонија. Секако дека треба поинтензивно да се продолжи на трансформацијата на сите елементи на моделот на внатрешната трансформација на македонското општество за што побргу да станеме една угледна земја во геополитичкиот простор на Европа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Бидејќи на галеријата има новинари од Грција, сакам да се претставам заради нив јас се викам Фаик Абди, по националност Ром или циганин, како ги викате таму во Грција. Јас сум пратеник овде и претседател на една партија која се вика Партија за целосна еманципација

на Ромите од Македонија. Веројатно и вие ќе се запрашате сега што е ова со Македонија дојдовте да видите, простете што ви се обраќам Вам, меѓутоа веројатно ќе се запрашате и во вашите извештаи ќе кажете нешто дека од прилика во Грција има околу 1 милион и 500 илјади Македонци, околу 600< илјади Роми, околу 400 илјади Албанци, околу 200 и нешто илјади Власи, околу 200 и нешто илјада Турци итн. Ова го кажувам заради тоа што господинот Мицотакис напишал дека во Република Македонија живеат 2 милиони Македонци од кои од прилика 1 милион се македонци по род, а другите не се македонци. Незнам што сакал да каже со тоа. Овде јавно и одговорно изјавувам во својство на претседател на мојата партија иако има една друга партија која ја респектирам многу често ми укажале јас прв пат вака кажувам, често ми укажувале дека не смеам да зборувам во името на Ромите од Македонија бидејќи- во сите општини од Македонија имам свои ограноци, јас тоа го правам сега во името на Ромите од Македонија, ние сме државјани на Република Македонија, ние сме Македонци, по националност ние сме Роми. Не сме многу, според пописот сме 55-56 илјади, но јас мислам дека сме повеќе. Повеќе да не речам сто и нешто илјади.

Интересна работа откако ја почнавме целата акција околу признавањето на Република Македонија, самостојноста кај нас овде во Скопје, во Македонија доаѓале безброј делегации од ЕЕЗ, од ЌЕБС, од НАТО пактот, од Европскиот совет и да не ги набројувам сите, скоро сите сакаат контакт со мене лично, имав контакти, ниту еден не кажа она што ние овде кажавме на почетокот. Мене ми е срам од она што слушав некои дискусии, простете вие знаете дека сум многу искрен и овој пат ќе бидам искрен, народе македонски слушајте, јас одговарам за се што кажувам пред мојата партија, ако направам некое зло дело ќе одговарам како граѓанин пред судовите, како да е темата промашена денеска, како да сме ученици

во училница, расправаме за одредена тема, но некој не го пишува тоа туку пишува за нешто сосем друго и учителката или професорот ќе каже промашена тема и единица. Како да ја промашуваме темата денеска. Ние не навлегуваме во сржта на проблемот - Македонија, туку<навлегуваме во нешто друго. Бараме врз база на она што се случува со Македонија да расчистиме нешто друго. Јас пред вас народе на Македонија сум бил член на СК од својата 17 година, тврдам дека и овде меѓу вас ако не повеќе но 90% од луѓето биле комунисти и што ако биле. Целиот источен блок биле такви, тоа било. Но, верувајте дека само магарето не се менува, а луѓето се менуваат во своите мисли. Треба еднаш да бидеме начисто со ова прашање дека од ден на ден созреваме за нешто што се вика почовечно, демократично. Простете на зборот магарето не се менува.

Сакам да кажам дека ако не била демократијата од овде многу тешко ќе се изречеа тие зборови и немаше да има повеќе партии, немаше јавно да се каже ова и ова, да се критикува претседателот, министрите. Ако немаше демократија тоа немаше да го има. Меѓутоа, вие знаете дека ние демократијата не сме ја донеле. Ѓавол да го носи тој Горбачов и Перестројката заедно со Реган, но да ги оставиме на страна таа е дојдена и ние се владееме според тие закономерности на дуњава, на светот и зависи кој како гледа на демократијата. Онолку колку е човекот осознаен .може да разбере што е демократија. Еве на пример Грција е лулка на демократијата, па што мислите демократија ли е тоа да се бара промена на име и презиме. Грција од памти век има демократија, а бара некој народ да си го смени името и презимето, како да се викаме. Да ви кажам нешто опростете, еден умен словенец рекол "татковино ти си како здравје" те цени оној кој еднаш те загубил, мислам дека Иван Цанкар го рекол ова.

VII/4

Ние Ромите од светот надвор од Индија, ние сме 5 4 милиони надвор, ние тоа најубаво го знаеме што е ова што се бара сега од Македонија. Не викаа боеми, каскароти, чингели, мацупти, крптии, и што знам уште што, така сакаат и со Македонија, е не може. Македонија има свое гордо име - Македонија и сите македонци се македонци, а тоа Грција и ЕЗ заради одредени интереси нема да им успее, нека простат, но тоа нема да може да биде. Ќе опстоиме на било кој начин и еден ден и тие ќе се измират. Дали не може да се прочита меѓу редови господа пратеници што се сака со ова. Може да се прочита меѓу редови дека се обновува историјата, она што едно време се правеше со оваа толку намачена земја - Македонија, секој сака да грабне парче од тука од овој напатен народ, дали не може да ви текне дека тие политички и други убиства што се случуваа на тлото на Македонија и Пиринскиот и Егејскиот и Вардарскиот дел, толку ли сме лесни да некој може да продре меѓу нас и да не раздели и така да се критикуваме од ден на ден и да бидеме се посиромашни. Зарем така можеме да се однесуваме во овој момент кога расправаме за нашето име, моето, твоето,нашето, на нашите деца на нашите внучиња. Јас мислам дека и сите министри на ЕЕЗ од западниот свет и претседателите на државите и лидерите тие, ако ништо друго, пред себе си се нечисти и ќе одговараат пред своите деца и своите внучиња еден ден. Нивните внучиња ќе прочитаат еден ден и ќе речат како сте можеле да направите вака на еден мал народ?

Јас го оправдувам револтот на господинот Малевски, мислам она што го кажа овде во свое име една висока морална работа е еден одговор, јас така го разбирам, можеби јас не разбирам ич, колку разбирам толку зборувам, еден одговор политички, човечки, осознаен на сите со кого контактирал и би му препорачал и би го молел да ја повлече оставката оти најповеќе сега и требаат луѓето подготвени за Македонија од Македонија. Сега ни се потребни и ако нешто се префрла на таа линија на господинот

претседател Киро Глигоров и Денко Малевски да си префрламе на себеси овде, а не да откриеме  некои работи што се. Слушајќи денеска такви дискусии, ако се сеќавате оној пат кога разговаравме за прашањето дали да има избори или да нема, јас бев за тоа да нема избори, се носев со свои мисли и на мојата партија дека тоа ни штети во моментот на прашањето на признавањето на Македонија и од прилика реков и тоа на господинот претседател сум му рекол надвор, утредента на господинот Бранко Црвенковски и на други луѓе што ако некој од Европската заедница имал скриена камера и не снимаше до пред малку разговаравме за господинот Денко Малевски и се беше во ред, а по пет минути бараме дека не чини тоа и тоа. Ете, луѓето го искористија тоа, државите го искористија, секако мислам дека треба да се одржат нови избори и веројатно националниот и социјалниот состав ќе се измени овде во ова Собрание, сигурно ќе дојдат нови снаги со нови мисли, со повеќе демократија, со други сфаќања и нема да им бидеме досадни на граѓаните на Република Македонија, нема да им досаѓаме, веројатно ќе има нови врски од аспект на стопански реформи.

Законите не ги носиме, а зошто? Вината ја префрламе на претседателот и на некој друг, а ние сме виновниците, ние се расправаме овде, се фаќаме за периферни работи и ќе се испоколеме, ние сме виновни, а не некој друг. Ние уште не сме и дале задача на Владата. Јас се си мислев дека на овој состанок ќе разговараме за проблемите на Македонија како да опстанеме, што е тоа Обединети нации, што е тоа неврзан свет, кој не опкружува и малку по^ далеку економијата, живеењето, парчето леб. Ние за тоа не разговараме, туку бркаме вештици, сакаме ѓаволот да го најдеме, а ѓаволот е во нас самите.

VII/6

Ако со внимание следевме што се случува во Европа со нашето прашање со Република Македонија ќе моравме денеска овде да констатираме сите а не во хор, туку поединечно дека интересите се во прашаше. Ете таа геополитичка положба на Грција е таква што се наоѓа таму на тоа море, па има стратешки цели, нема смисла да зборувам вие сите знаете, има и ланоирни лампи, бродови и се. Мора да и направат отстапка, па макар, како што се вели таму, привремено некако да ги залажат Грците, меѓутоа, тоа ни штети на нас иако сме мал народ овде, ни штети на опстојувањето, на животот, на економи- јата. Фрламе фина врз Владата и не знам врз кого, јас не ја бранам Владата, да се разбереме, господа министри, меѓутоа, така ја гледам вистината. Народот е осиромашен, гладува заради тоа што експертите не се експерти заради тоа што не знам кој овде згрешил. Во Шутка имаме еден се вика Решка, тој е виновен, кој е виновен Реш^а е виновен од Шутка. Јас така би рекол. Знаете зошто? Зарем не можеме да знаеме да признаеме овде дека бевме во еден кош заедно што се викаше Југославија, дека овие односи што дојдоа, дојдоа, демократијата, плурализмот, дека сме обиколени, пазарот не ни оди, дека имаме старо производство, стари машини, дека сиромаштијата ни е голема, дека треба да се избориме за средства, знаете тоа што зборувавме порано овде, дека нашите производи немаат пласман. Ние ја направивме берзата, но што да правиме со берзата. Резолуцијата 757 на Обединетите нации, односно Советот за безбедност е позната, нема што понатаму, тоа значи ќе мора каде што да го стегнеме. Дали некој девизите ги зел, ги украл и за тоа ќе има одговор и тоа ќе се заврши, дали приватизација на општествениот капитал беше една од главните теми и тоа го бараше Европа од нас, па да не признае, тоа не е точно. Тоа што го направивме стопирањето е голема грешка, меѓутоа, никаде немаме урнек

да видиме како, па тоа да биде исправно. Да имаме урнек ние сами ќе си направиме урнек.

Сега рековме овде дека некој пљачка, па ние рековме овде и го стопиравме тоа. Кого го правиме виновен? Ние самите тука. Сакам да кажам немојте да бараме грешки таму каде не треба.

Да не ви одземам многу време и на вас господа пратеници и на вас господа гости од соседна Грција, мислам дека она што е ЕЕЗ ни го кажа преку актот, оној дел за признавање на границите уште тоа фалеше да речат не ви ги признаваме границите. Срам да им е. Тие треба да се срамат од себеси, уште тоа требаше да го речат, па да речеме дојдете, земете, згазете не

Она другото за името нека простат малку ние ќе опстоиме како Македонија, оваа земја се викала со стотици години Македонија таква ќе остане само им порачувам нешто на тие дванаесетмина многу умни, кој знае по колку грама мозок имаат сигурно имаат три пати повеќе од нормални луѓе. Во Австралија да се добие државјанство треба непрекинато да се живее 24 месеци или со прекин пак 24 месеци, она што е вон Австралија тој стаж не се признава и таму пишува вели јас сум половина Италијанец, затоа што мајка му била Италијанка, јас сум половина Германец, затоа што татко му е Германец, кога ќе станам државјанин 100%, ќе земе државјанство тој е 100% Австралиец, па како, оваа земја се вика Македонија и како тоа да не сме Македонци. Ова важи за сите и тие што не се Македонци по род, да се разбереме. Ние мораме така да опстанеме и така да се однесуваме, а овде имаше токму негација на ова прашање од поединци колеги пратеници што мислам дека ете како бумеранг ни се враќа. Значи, не треба така да се однесуваме затоа што претпоставувам, а и народот претпоставува дека овде не мали луѓе на големи функции, како

што рече колешката, може би има мали луѓе на големи функции, а ова е голема функција да се биде пратеник, да се надминеме себе си во однесувањето.

Заклучок на луѓето што ги претставувам јас е овој, дека Македонија останува Македонија ако треба каишто и понатаму ќе го стегаме, но сме за нови избори и сигурно ќе има промена во однесувањето, а да ги избркаме сите комунисти како што овде се предлага, како да ги избркаме? Треба да поминат многу генерации, па тие што биле комунисти откако ќе изумрат и кога ќе дојдат нови кои немале врска со комунизмот, тие ли ќе бидат чисти? Немојте, размислете малку. Значи, да веруваме дека промената е тука и да влијаеме промената на еден добар човечки начин да дојде до она што се сака, добра економија, а потоа ќе заборавиме и на комунисти. Видете, дуњава е создадена за луѓето, Европа е богата, што прави Грција со тие пари што ги прима таму неповратни, чии пари прима? Видете, за пари се се продава, закон на економијата, стока – пари - стока и честа човекот си ја продава за пари, па и Грција зема џабе пари, но им служи. Еве ние немаме море, немаме ништо, тоа сме, да се надеваме еден ден Европа ќе не разбере и ќе не прими во своето друштво вакви какви што сме, а сигурно Европа ќе се потруди и нас да не измени, а и времето ќе не измени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Давам пауза до 14,30 часот, но тогаш да почнеме.

Во меѓувреме комисиите да го уточнат текстот.

(Седницата прекина со работа во 12,50 часот).

VIII/1 рд/вц

(По паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Почитуван претседател, дами и господа пратеници, прашањето за кое расправаме, револтирано секако, емотивно, се разбира, оправдано, по својата суштина и актуелност бара целосен пристап во неговото разгледување. Тоа произлегува од фактот дека се работи за мошне чувствителен сегмент и повод. Позицијата на Македонија по усвојувањето на Европскиот совет и рефлексиите од таквата декларација, наметната од другите^може битно да влијае на внатрешните односи на Републиката.

Одлуката на Европскиот совет, интимно речено, не не изненади многу, бидејќи нешто слично се наслутуваше, се очекуваше интимно се претчувствуваше како таква. Но загрижува фактот, што Европската заедница условува и потценува една политичка реалност, еднострано ги толкува фактите, затоа гато прави и преседан во овој поглед и тоа кога се бара промена на име на државата. А трпението ќе победува.

Одлуката на Европската заедница, иако е во стилот да се нарече округло па на ќоше, влева надеж за добро. Непризнавањето на Македонија, со такво име кое го носи, е опасна игра која има задни намери, што поттикнува аспирации на други и сеништа на минатото.

Оттука произлегува потребата да ги согледуваме и анализираме актуелните проблеми од оваа сфера, да правиме осврт и за формата, и за содржината на нашето егзистирање. Да правиме осврт на степенот на

реализацијата на надворешната политика е добро. Таа беше добро конципирана. Преземените обврски постојано ги новелираше, надополнуваше, прошируваше и продлабочуваше. Евидентно се отсутни, само во еден сегмент на нејзиното остварување. Но тоа не треба да се препишува на носителите на .таа политика. Меѓутоа, стои констатацијата, дека и покрај битните елаборации на проблемот, на развојот и концепирањето на надворешната политика, остварувањето на истата не оди во чекор со нашите желби, барања и потреби. Ова не значи дека немаме коегзистентна надворешна политика туку напротив, дека сеуште во оваа сфера некој друг импонира свој терк, остварува фикс свои идеи, или со помош на други, наметнува решенија, кои не соодветствуваат со нашето минато, сегашноста и иднината на заедничка демократска Македонија. Но сето тоа не треба да обесхрабрува, да создава ситуации, кои од некои одвај се очекуваат.

Со целосното ангажирање на сите субјекти треба да се вложат напори за релативизирање на евентуалните тензии, кои тука и таму и порано беа присутни. Развојот и правилното насочување на нашите внатрешни и надворешни односи, во разрешувањето на битните проблеми од сите сфери, се наметнува како првостепена задача, пред сите нас, пред овој Парламент, и пред сите други органи и субјекти. Но, тие да ги разгледуваме во нивната комплексност, без емоции, без еуфории, национални фрустрации, ладнокрвно, мирно и сталожено. Би било грешка, ако одговорноста за одлуката на Европскиот совет се припишува на челниците кои непосредно ја водат надворешната политика. Одот по маките треба да продолжува со несмален интензитет.

Не би се согласил со мислата дека Македонија е ни на небо ни на земја. Напротив, историскиот континуитет, мора да се почитува. Името на

народот е света ствар. Тие имаат право и желба да одлучуваат како ќе се викаат, а не други тоа да го наметнуваат.

Ова е незрела политика и политичка одлука на Европскиот совет за нашата Република.

Евидентен е фактот, дека Европската заедница внесува во нас елементи на слепа деструкција, провоцира нарушување на мирот, наместо да инвестира политички капитал во решавањето на проблемите, создава основа за хуманитарна помош. Несомнено, без ризици, без адекватен степен на сигурност, нема ни разрешување на проблемите. Но, потребно е Европската заедница да се оспособи, да ги предвидува, контролира и насочува факторите кои доведуваат до политичка несигурност, до дестабилизација, до политички судири, до запирање на крвопролевашето, а не до негово стимулирање и мотивирање.

Европската заедница треба да ги афирмира демократските процеси и демократскиот дух, развивањето на демократските односи во власта на мултилатералната соработка и креирањето на соодветната политика во меѓународно признавање на новосоздадените држави. Не може успешно да се остварува без почитување на засновани факти и дебели аргументации. Европската заедница во овој поглед, отстапува од декларираните демократски начела, не ги респектира, ниту пак прави обид за откривање на причинско последичните врски, помеѓу појавите и проблемите, за кои таа има мандат да ги решава.

Оттука јасно произлегува дека без аналитичка проценка и без политички засновани сознанија, за одделни состојби и проблеми во Република Македонија, не можат да се утврдуваат ставови, декларации и одлуки, а ова токму го прави Европската заедница.

Од сето тоа, може да се заклучи дека Европскиот совет, не сака да развива превентивна дејност во политичкото одлучување за судбината на луѓето, ниту адекватно креирање на политиката и развивање на добри билатерални' и мултилатерални односи меѓу државите меѓу народите, кои сакаат да живеат рамноправно во европското семејство.

Во ова време, во невреме, кога не се знае каде е границата на времето, треба да надвладее оптимизмот, а не песимизмот, кој широко е присутен меѓу нас. Притоа, треба да се нагласи дека во спроведувањето на надворешната политика, треба да се применуваат покрај интензивните и екстензивните пристапи, заради утврдување на одделни релации и односи и нивно објективно пласирање тука и таму.

Да заклучам: од минатото повеќе учиме, а ние треба да се учиме да живееме во иднина. Затоа треба да покажеме цивилизациско однесување, максимално разбирање, да се самоорганизираме за зачувување на мирот.

Македонија, оваа татковина на Македонците, Албанците, Турците, Ромите и другите, ако не денеска утре ќе биде меѓународно признаена, духовите ќе се смират, тестирањето на духовите траеше навистина многу долго. Меѓутоа, да се надеваме дека мислата на големиот грчки филозоф Хераклит дека се се движи, се се менува и овие односи и одлуки ќе ги менува и ќе се реализира она што навистина Македонија го очекуваше, нејзиното меѓународно признавање со името кое навистина го заслужува да го носи.

**ВАСИЛ ЗИМБАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Чувствувам. потреба да кажам неколку збора во врска со Декларацијата на Европскиот совет на Европската заедница, за поранешна Југославија, усвоена во Лисабон на 27 јуни 1992 година, а и нешто повеќе.

Прво, делот од Декларацијата која ги гарантира границите на Република Македонија и нивната неповредливост во согласност со принципите на Повелбата на ОН и Париската повелба е прифатлив и треба да го поздравиме како Собрание, како народ и како народности кои живеат во Македонија.

Второ, натамошниот тек на Декларацијата на Европскиот совет што се однесува за признавањето на Република Македонија со име кое нема да го вклучува терминот Македонија, е неприфатлив, понижувачки, и претставува грубо кршење на човековите права, една невидена дискриминација врз македонскиот народ и националностите кои живеат во Република Македонија, во однос на другите европски народи и претставува невидена непринципиелност на принципиелната европска заедница, која што не си ги почитува одлуките на сопствените тела, како извештајот на Арбитражната комисија во која е заземен став дека Република Македонија ги исполнува условите од насоките за признавање на нови држави во Источна Европа и во Советскиот сојуз и Декларацијата за Југославија усвоена од Советот на Европската заедница на 16.12.1991 година и дека употребата на името Македонија не содржи територијални претензии кон другите држави.

Македонскиот народ и народностите, длабоко се разочарани и навредени од соседна Грција, а посебно од господинот Мицотакис, кој со лажни аргументи и користејќи ја поволната позиција, како директен учесник

во расправата на состанокот на Европската заедница кој успеа привремено во неговата замисла и политика. Сега, после сето тоа, со огромен цинизам и иронија нуди економска помош, добрососедски односи, нуди грст долари, драхми и сл.

Му порачуваме на господинот Мицотакис и на целиот грчки народ, кој мисли како него,'дека македонскиот народ и народностите кои живеат во Македонија, дека името на својата татковина Македонија нема да го менуваме. Дека нема да ја погазиме крвта и коските на нашите предци, кои животите ги дадоа за идеалите, за создавање на македонска држава, низ сите востанија и НОБ. Нема да дозволиме нашите идни поколенија да плукаат во нас. Затоа името Македонија нема да го менуваме под било какви притисоци, од било која страна да доаѓа.

Апелирам до сите политички партии и сите граѓани на Република Македонија без разлика на верска припадност, националност итн. што ја сакаат Македонија> ги повикувам на единство и мир, да продолжиме со нормална работа и прибирање на летнината и слично.

Четврто, целосна поддршка му даваме на претседателот и министерот за надворешни работи, за досегашната мирољубива политика и напори за признавањето на Република Македонија.

Петто, да продолжи политиката за меѓународно признавање на Република Македонија со нова програма и стратегија, која ќе вроди плод и меѓународно ќе бидеме признати и вклучени со името Македонија во светската заедница на народите.

Јас не би сакал повеќе да должам, уште еден апел до сите политички партии, да прекинеме со дискусии како што беа на почетокот на Парламентот, бидејќи тоа не води кон ништо. Ако почнеме да ги мериме

силите кој колку направил и што направил за признавањето на Македонија, јас мислам дека има да каже и другата страна да каже нешто повеќе. Само да се потсетиме на одлуките конгресот каде ќе го држиме, на изјавите во Бугарија каде нашето раководство одеше за признавање на Македонија, на госпоѓата Доста да и кажам дека точно контактиравме со сите соседни земји и со Бугарија, и со Албанија и со Србија, но за- жал, со Грција не можевме да воспоставиме контакти, не од наша вина, туку по вина на Република Грција. Мора да ја запрашам јавно госпоѓата Доста,како партија вашиот лидер каде, освен во Бугарија на друго место отиде, во која држава. Значи, затоа мораме да ја спуштиме топката и не ни треба такви дискусии.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

За партиските активности можеме да зборуваме и кој што направил за признавањето, само да ве потсетам на еден факт дека "Македонија е признаена од оние држави со кои го партијата ВМРО- ДПМНЕ одржува најдобри односи. Тоа се Словенија, Хрватска, исто така и со Турција одржуваме добри односи и наскоро ќе биде остварена посета на партиското раководство на Република Турција исто така со Република Бугарија, а ако има потреба ќе направиме посета и на Република Албанија и на останатите соседни држави.

Што се однесува до тоа дали сме направиле посети како партија на други држави, да ве потсетам дека пред 15 дена,партиска делегација ја посети Република Австрија, за тоа носам фотографии овде, можете да ги видите, (ги покажува фотографиите) на кои што партиската делегација на ВМРО-ДПМНЕ е сликана со господинот Алојз СМог и со претседателот на австриската држава господинот Томас Клесил, исто така остварена е посета на Република Словенија, на Република Хрватска,се со цел овие

држави да се заложат во пошироката меѓународна јавност за што побрзо меѓународно признавање на независноста на Македонија. Исто така лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Љупчо Георгиевски во Брисел, тоа беше на 11 мај врачи лично апел на претставници на министерскиот совет на Европската заедница за признавање. Привврачувањето на апелот во организација на задграничниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ беа организирани мирни демонстрации, во знак на поддршка на признавањето на Република Македонија, Ве молам да не говорите невистини од говорницата.

**ВАСИЛ ЗИМБАКОВ:**

Јас ја прашав госпоѓа Доста, бидејќи таа зборуваше за соседни земји, а инаку имаат активности надвор од соседните земји, но со кои соседни земји вие контактирате, а раководството на Македонија контактира со соседните земји и со Србија и со Албанија и со Бугарија. Беше министерот за надворешни работи на Бугарија овде. Подискутиравме ние за тие проблеми. Единствени,контакти што не ги обавивме е со Република Грција. Но не по наша вина и по вина на раководството, туку точно по вина на Република Грција која не сака да разговара.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Во интерес на вистината мора работите да се разјаснат. Јас во моето излагање кога кажав дека Република Македонија не одржува блиски односи со сите соседни републики и дека е остварена само една посета од страна на претседателот на Републиката на Република Албанија, тоа е факт. Претседателот не посети ниту една друга соседна држава. А што се однесува до нашите партиски контакти, иако ова не е партиска трибина, ние сме во врска со сите партии со коишто може да се соработува во соседните

земји. Нашиот советник за надворешни работи е во преговори за евентуални средби со претставници од Република Србија и се надевам дека наскоро ќе бидат остварени тие контакти. Исто така и посетата на Република Турција, евентуално и на Република Албанија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само ве молам,ако е можно да не ослободите другите да не ги кажуваат нивните партиски врски овде и каде одат. За тоа да не се зборува. Ако има нешто врски со државата, со државната политика, само тоа.

IX/1/јм/см

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Ова е сепак момент за консензус од непартиски позиции, што не значи дека не можат да се кажат и некои забелешки и во ваков момент на нашата надворешна политика. Така што јас од тој аспект ќе дискутирам за оваа исклучително важна работа во историјата на македонската држава и македонскиот народ.

Европската заедница на највисоко ниво на шефови на влади донесе одлука да не се признава Република Македонија под нејзиното име за извесен, или неизвесен период. Што направи со тоа?

Прво, ги прекрши принципите, правилата, заклучоците ,актите на меѓународната заедница за човековите права, за правата на народите вградувани макотрпно, доградувани во меѓународните документи од почетокот на дејствувањето на Организацијата на обединетите нации. Ги прекрши актите, декларациите, се надеваме не за трајно принципите на сопствените институции што самата ги основа во походот кон обединета, развиена и демократска Европа, документите на ЌЕБС, на Хелсинки итн.

Второ, ги прекрши, односно дискриминаторски ги применува сопствените одлуки во врска со разрешувањето на кризата настаната со распаѓањето на Бивша Југославија, истите критериуми во врска со признавањето на бившите југословенски републики што самата ги одреди, за сите различно ги применува. Во случајот за Македонија не постапува исто како што постапи за другите републики.

Трето, за своите политички одлуки стручната подлога што самата побара да ја добие од сопствените ценети авторитети, личности  за едни ја

почитува, за други не ја почитува. Како да покажува дека и нејзе и треба нарачана наука и струка со свиткан опаш пред дневните политички игри водени од разно разни причини. Го прекршува основниот принцип на демократијата, правичноста и рамноправноста, а тоа е заштитата на помалите, помалубројните. Ако не постоел проблемот на помалите и послабите, односно помалубројните над чија глава постојано висел и виси мечот на посилниот, немало да постои ниту демократска практика,ниту наука за демократијата, немало да има столетна борба за правен поредок. Европската политика на примерот на Македонија се определи и за силата и за посилниот и против правото и против демократијата и против принципите и темелите на себеорганизирањето и обединувањето. Европската политика со оваа одлука се враќа назад во историјата. Јас ќе парафразирам еден умен Англичанец непосредно пред доаѓањето на господинот Херд, Џон Стјуард Мил кој што пишува отприлика дека порано се веруваше ако народот сам со себе управува нема опасност, нема можности тој самиот себеси да се потчини на тиранијата. Затоа до тоа ниво на свеста битките беа насочени кон ослободување од ропството на еден народ од друг народ. Но, тоа оптимистичко верување не можеше да се одржи пред судот на општествената стварност. Тоа покажа дека угнетувањето постои и од страна на поединец, на поединци, или групи, па дури и над целиот свој народ. Праксата покажа дека владеењето на народот значи владеење на најбројниот, или пак на најактивниот и најгласниот дел од народот. Всушност праксата покажа дека е можно еден дел од народот да угнетува друг дел од народот, дека е можна тиранија на мнозинството. И гледајте ја сега иронијата. Европа се грижи за угнетувањето на малцинствата, овде,

онде по Европа и сега особено на просторот на бивша Југославија, во нејзините бивши републики. Тоа нам не ни пречи .И ние се грижиме малцинството да не биде угнетувано/од мнозинството. Но, од друга страна се враќа далеку назад во историјата, го погазува и она право и она прво сфаќање за слободата и правичноста, носи одлуки за обесправување на цел еден народ, на граѓаните на една цела државна заедница. Го изложува на можноста да биде не само угнетуван, експлоатиран, туку му предлага, или полошо создава претпоставки за негово исчезнување, бришење од географската и етничката карта на старата сеуште сакаме да веруваме цивилизирана дама Европа.

И уште нешто во врска со ова враќање во историјата. Како што реков историскиот тек е ослободување од тиранијата на еден народ од друг народ, потоа ослободувањето на тиранијата на мнозинството над малцинството и конечно ослободувањето на единката, на индивидуата. Се разбира дека Европа се декларира како заедница, збир на слободни индивидуи, заедница на слободни граѓани. Но, наспроти тоа господинот Мицотакис триумфално изјавува со што конечно ги скршил европејците. од центарот на Европа, а тоа е со малиот милион македонци над големите десет милиони Грци. Иронично, зарем не? И така Европа одлучи во полза на Грција да го жртвува ситнежот од еден милион луѓе, се разбира сите ни одредуваат по некоја бројка, бидејќи од порано немала држава. Едноставно тој мал милион како да е кусур од нивната марка, франак, па му го даваат бакшиш на грчкиот бизнисмен. Оваа одлука значи дека Европската заедница денес е на позициите на Европа од 1913 година кога е договорено да ја поделат Македонија или може да значи тоа допрва ќе има шанса уште еднаш и Европа и Америка и сите други да се изјаснат во врска со тоа. Но,

оваа одлука не значи дека камбаните бијат само за Македонија. Европското единство на овој начин нема да биде сочувано. Ако една интеграција се заснива на дневно политички пазарења, на трговија од различен вид, таа нема да има долгорочна перспектива. Еден преседан раѓа друг преседан. Од трговијата со Грција во која се впушти Европската заедница нема да има за неа профит, загубата ќе биде очигледна и за Европа и за сите. Ги порази и ќе ги поразува ако остане на таквата одлука сопствените демократски принципи, а тоа не може да биде без последици. Тоа е начелно во врска со Одлуката на Европската заедница.

Дали македонската дипломатија потфрли, па е виновна за оваа привремена, или трајна одлука на Европската заедница? Прашање за кое што се разбира со право имаме право да размислуваме и да дискутираме. Во светот кој историски гледано ја унапредува примената на хуманистичките принципи на правичноста, еднаквоста, рамноправноста, слободата, поле на кое во меѓународното комуницирање се остварени завидни резултати, но далеку од она што го сака човекот исконски, сеуште,а можеби многу, многу долго одлуките ќе се донесуваат и во зависност од парцијалните интереси, стратешките интереси на големите себични,се разбира. Во таков свет македонската дипломатија во основање, поаѓајќи од економските, популационите и географските карактеристики претежно, главно можеше да се потпре на неколку основни аргументи кои што ги застапуваше.

Прво, доследно да ги брани природните права што му припаѓаат на секој народ. И тука аргументите се очигледни. Многуброен, или малуброен, сеедно.

Второ, доследно да бара целосна„примена на принципите, правата на секој народ на самоопределување, правото на сопствена државна заедница.

Трето, сите проблеми, недоразбирања меѓу државите и народите да се разрешуваат по мирен пат ,со упорен дијалог,- со уважување на сечии интереси.

Четврто, да му покаже на светот, ова сакавме да ни биде голем наш аргумент, на тие што се поставуваат во состојба да ни судат, дека градиме демократско општество, демократски институции кои наполно кореспондираат со нивните, односно дека сме способни не само за самопреживување, туку и за обезбедување во догледно време на економски, социјални и политички права на сите граѓани во развојна линија која не отстапува од нивната, односно од европската. Да му покажеме дека градиме општество на слободни индивидуи и дека прифаќајќи го тој критериум како мера за демократизацијата Македонија нема никакви територијални претензии кон ниту, една држава. Тоа се четири потпирни точки на нашата надворешна политика. На секоја разумна политика со нашите економско географски перформанси и историски обележја овие неколку потпирни точки ќе и беа и ќе и бидат основата на дипломатската платформа. Нашата дипломатија со право налегна на овие темелници. Но, како што видовме таа досега не ја заврши нашата исконска желба, нашата потреба. Прашањето е дали погрешивме, дали е тоа објективно така? Во основниот правец убеден сум дека не погрешивме. Во ставањето на тежиштето на наведените принципи не погрешивме, бидејќи тие ни се главното оружје. Кај другите перформанси сме далеку во заостанување. На

Европа главно тоа можеше да и се понуди, за што зборуваше и господинот Малески. Дали можеше подобро да се дејствува? Мојот одговор е повторно,да. Принципиелно и конкретно што можеше да биде подобро направено низ неколку прашања.

Прво, можевме ли да имаме поразработена стратегија и так- тика во остварувањето на нашата судбинска цел со наслов "Македонија во борбата за нејзиното меѓународно признавање". Анализа добро под- готвена со сите карактеристики за таква потреба, регионална насоченост, политички, културни, економски врски кои што се неопходни да се користат, постојни и ново воспоставувани, носители на тие комуникации, промоција и пропаганда, финансиска поддршка на една таква програма однапред осмислена. Мислам дека можевме.

Второ, можеше ли поширок круг на луѓе од углед да бидат ангажирани во таа задача по сите линии, политички, научни, економски. Мојот одговор е дека сепак можеше повеќе.

Трето, зошто овој Парламент немаше своја програма за разработена комуникација и луѓе, туку тоа одеше од случај до случај преку ангажманот на претседателот на ова Собрание. Можевме да имаме поразработена програма за парламентарна соработка со сите држави релевантни и помалку релевантни за прашањето Македонија. Мислам дека можевме. Тоа е наша целокупна заедничка слабост.

Четврто, зошто ја немаше никаде Владата, поточно нејзиниот премиер со осмислена програма, туку нејзината улога се исцрпуваше со улогата на министерот Малески која е несомнена, но како прв соработник на претседателот на Република Македонија и преку извесната комуникација на потпретседателот Блаже Ристевски во контактите со Советскиот сојуз.

IX/7

Петто, дали можеше да се разработи некој политички поен и психолошки поен ако географски нашата активност беше поширока, иако се согласувам со господинот министер и ние сите тоа добро го знаеме дека клучот во врска со ова прашање е Европската заедница и САД. Ќе имаше ли нешто плус ако добиевме некоја земја која не зависи денес од кредитите на- главните актери, не бара буџетска санација, не бара репрограмирање, опростување на долговите и сл. И дали ќе беше некој психолошки поен ако и од таму дојдеше, или пак немаше доволно време со малку сили да се дејствува на поширок фронт на активности. Колку штета ни имаат нанесено некои внатрешни натегања, манифестации на неединство, неодмереност и дисонантни изјави на поединци и раководства на политички партии кога се работи за националното прашање, а за ниедно друго никогаш не би помислил да побарам единствено мислење.

Шесто, имаат ли некакво психолошки значење нашите задоцнувања во врска со нашето можеби забавено напуштање на бившите сојузни органи, нашето доцнење со формалните државни симболи, нашето претходно залагање за зачувување на заедницата на бившите ЈУ републики. Се разбира ние усвоивме платформа, дејствувавме во тоа. Но, тоа се некои прашања за кои што јас исто размислувам. За сето ова ние може да размислуваме и пак да го поставиме прашањето, дали и со тоа и уште со нешто друго што мене не ми паѓа на ум во овој момент, на други можеби да, исходот можеби ќе беше ист. Јас повеќе можам да верувам дека ќе беше ист. Но, прашањето сепак останува дали можеше уште нешто да се направи и ние мораме стално да трагаме за тоа, дали уште нешто нашата извршна политика, нашата дипломатија можеше да направи. Од тој аспект го поставувам, не од аспект на квалификации и дисквалификации.

Но, сегашното централно прашање е што натаму? Тоа е централното за кое што ние треба да се договориме. Бидејќи ова е исклучително сериозна положба во која се става Република Македонија.

Прво, секој поединец, секој граѓанин, секоја партија сега треба да ја покаже својата патриотска свест и должност, сега во овој момент и од овој момент натаму. Судбината на Македонија зависи од способноста по националните и државните прашања да покажеме максимално единство. И тоа треба да го покажеме вклучително и со оваа седница и со сите наредни кога се работи за такви прашања. Да не им допуштиме на тие од надвор внатре да ни побараат здрави сили на кои треба да признаеме во историјата некои дефакто и се потпираат. Македонија е на сите граѓани на Македонија. Сите треба да ја одбранеме и јас сум убеден дека во тоа ќе успееме.

Второ, нашата одбрана ќе биде успешна ако продолжиме нормално да живееме и подобро да работиме отколку што работевме до сега. И тоа многу, многу подобро. Економско - социјалната стабилизација и изведувањето на внатрешните реформи мора да ги извршиме. Тоа е темелот на нашата одбрана, на нашиот национален интегритет. За сите наши акции ни треба здрава економија и ни треба социјален мир. Социјалниот мир со драстично паѓање на општествениот производ, со продолжување на таа економска катастрофа не ќе можеме да го сочуваме, а последиците од тоа ќе бидат очигледно во тесна врска и со она што ќе се случува понатаму во врска со државниот интегритет на Републиката. Нашата одбрана ќе биде можна ако продолжиме со миролјубивата политика, со дијалогот, со сите релевантни фактори во светот, со сите што се спремни на демократски и рамноправен дијалог.

IX/9

Еднаш сите ќе разберат дека овој народ мора да има и ќе има своја држава, рамноправна членка на Меѓународната заедница. Затоа, советите од типот "одбијте разговор со господинот Даглас Херд" не се добри. Тоа не може да биде политика и не треба да биде политика на Македонија. И прифаќањето разговори со сите и сто пати повторениот повик до Грција да прифати рамноправен дијалог, не е наша инфериорност. Инфериорни се тие што не сакаат да разговараат, што уценуваат. Тие се инфериорни.

Четврто, Македонија не може никој да ја обезличува. Таа има свој идентитет национален, културен, историски. Таа е на патот да стане вистинска граѓанска држава и пред некои наши судии кои што денеска ни ги проверуваат сите перформанси. Македонскиот народ е тој што одлучува за својот идентитет, а и ние што се бавиме со политиката имаме само должност да ја остваруваме неговата волја и ничија друга. Според тоа, неговото обезличување не може да се изврши ниту во Атина, ниту во Брисел, или било каде на друго место. Тоа обезличување, или зачувување на својот идентитет може да си го направи само македонскиот народ, само граѓаните на Република Македонија.

Ниту палестинскиот народ не е обезличен, иако уште нема своја држава, а на Европа убеден сум дека нема да и биде потребна Палестина во срцето на Европа.

Оставката на господинот Денко Малески и неговиот возбудлив настап морам да речам, малку ме трогна. Реагира како вистински политички професионалец во држава со развиена демократија. Во држава со развиена демократија така се постапува како што постапи господинот Денко Малески. Според начинот на работата тој не треба да се чувствува виновен за оваа одлука на Европската заедница. Ако има некаква вина, тогаш вината е многу поширока бидејќи господинот Денко Малески работи во рамките на една извршна власт која што функционира така како што функционира во

нејзиниот зародиш од излезот од едно општество во друго општество, од еден систем,' во друг систем. Но, некои оставки треба да има во извршната власт. Работите на внатрешен план не одат како што треба. Но, тоа е прашање за кое требаше и треба да расправаме посебно во овој Парламент, не денеска,кога треба да покажеме што мислиме во врска со Декларацијата на Европската заедница.

X/CJ/лј/1.-

**ПЕТАР ГОШЕВ:(**Продолжение)

Промените во извршната власт не може да се правдаат со не е време, не бранувај, со тоа ја дестабилизираш државата и слични синтагми кои што ни се добро познати. Тоа се излитени фрази на сите тоталитарни општества, имавме пример на нашиот случај тоа добро да го чувствуваме многу пати. Измените во извршната власт не може да се правдаат со тоа дека не можеме да се договориме за подобро. Народот не бара од лошо по лошо, не бара не можеме да се договориме, бара способна, компетентна, извршна власт. Мислењето на јавноста п а и на овој парламент за некои во извршната власт е познато и јавно и тајно. Ако тие самите не преземат чекор треба да преземе, да смогне сили овој парламент. Ако тој тоа не е во состојба, ако не сме сите во состојба, тогаш камбаните бијат за сите нас. Нови избори нова шанса за народот.

А, за Денко Малевски уште еднаш, добро е да имаме такви луѓе што повеќе и помалку да бидат такви луѓе поттурнувани на страна.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, дами и господо пратеници. Очите на целокупната македонска и сигурно на дел од Европската и Светската јавност во последните денови и вчера и денес се свртени кон нас кон работата на овој парламент. Кај овие подалечните од Европа и од светот заради тоа што се свесни дека направија преседан не познат во меѓународните односи и права, трговија не примерена и недостојна на принципите што самите ги изградија и по кој што станаа препознатливи и заради тоа што се свесни дека останаа со нечиста совест ако воопшто ја имаат. Верувавме во нивната праведност, во нивниот морал во универзалноста ан принципите што ги изградија во Хелсинки и Париз и се надевавме дека тие ќе се протегнат до секоја националност и секој мал

X/2.-

народ и во Европа и во светот. И навистина во некои средини од бившите југословејски простори тие принципи стигнаа за многу кратко време, некаде и прерано з ради тоа што сеуште не беа создадени потребните предуслови за нивната примена, меѓутоа веќе на овие примери се виде дека и во Европа над универзалните принципи за човековите права и слободи над основното право на народите за само- определување се претпочитуваат сопствените интереси, "интересите на големите народи" и држави интересите на нивните "традиционални пријатели и сојузници". Македонскиот народ во текот на својата долга и трагична историја, разјадуван однадвор и од внатре, негиран и посвојуван од север - југ и исток и запад многу пати досега се наоѓаше на историски крстопат. Исправен пред прашањето да се биде или не, да се опстои или не, овој народ длабоко го разви чувството за праведност, за сожителство, за припадност кон заедницата на Европските народи и нивните цивилизациски достигања и на тој план го даде својот неспоредливо поголем допринос во заедничкиот културен и историски развиток.

Културните достигања делата на нашите први светители преродбеници, на македонските писатели и уметници, а во поново време и на Македонската наука станаа неодменливи вредности и општоевропско благо. Нашиот народ ги преживеа сите премрежија на духовните ропства и борби за однародување, з,а насилна денационализација и потурчување, посрбување, побугарување, погрчување и го разви инстинктот за преживување и во најтешките времиња и безизлезност. Денес кога Европа по кој знае кој пат повторно тргува со чувството на еден народ, со достоинството на сите граѓани на Македонија кога без легитимитет донесоа нелегална одлука да ја признае нивната држава без името Македонија и нема граѓани во таа непризнаена Македонија што не се чувствува повреден, омаловажен,

онеправдан. Кога би преработило и само чувството за праведност, за самобитност и тоа би било предоволно да се оправда револтот, емоциите што извираат од секој од нас. Меѓутоа, и покрај сета оправданост дури и потреба да се излијат чувствата, да се даде одишка на сите наши емотивни набои нашата крајна цел и единственото\достигнување што ја гарантира иднината на Македонската држава и зачувувањето на идентитетот, самобитноста денес од сите нас бара нешто друго. Во вaквите кризни времиња да го зачуваме мирот во себе, моќта за трезвено размислуваше, достоинството и културното однесување, аргументираноста и свеста дека тоа кон што целиме е наше неотуѓиво и неприкосновено право и дека може да го избориме само ако сме единствени, непоколебливи, ако се сплотиме околу заедничката цел. Патот до нејзиното остварување ќе биде трновит и можеби и долг. На тој пат ќе се сретнеме со големи притисоци, .застрашување, со објективни и субјективни потешкотии, со понуди на данајски податоци. Ќе дојдат денови на искушенија денови на одлуки да се приллониме кон едни или други решенија, меѓутоа треба да бидеме свесни дека за сите граѓани на Македонија името Македонија значи многу повеќе од името Австрија за Германците во Австрија, значи многу повеќе од името суони за финците во Финска признавањето ан нашата држава под друго име независно од тоа што Европската заедница ги гарантираше нејзините граници значи всушност и нејзино непризнавање, отворање на можноста за институционално посвојување на македонскиот народ, на правото на територија итн. Во таков случај ќе загубиме сите и македонците, и албанците, и турците и власите и ромите и други.

Затоа, по ова прашање и по сите други прашања од општ и посебен интерес по сите прашања што го чинат животот по културен, подостоинствен, поцивилизиран треба да прекинат делбите на национална основа на најмакедонци, македонци, и немакедонци, по ова прашање и

X/4.-

потребно целосно граѓанско единство, зошто овде не станува збор за партиски интереси, за собирање на поени на несреќата на сите граѓани на Македонија кој што можат да се соберат и обезбедат победа на некакви евентуални избори заради тоа што таа победа ќе биде пирова победа, зошто победниците ќе немаат држава во која што ќе можат да ја преземат и да ја држат власта. Овде станува збор за највисокиот државен интерес на еден народ, за битка која што и бара модерни оружја, само жртви но и целосно единство и одлучност.

Поминавме месеци во кои се им одеше во прилог на нашите опоненти и изборите во САД и можностите за пазарење со Република Турција, пред Европската заедница и негативните резултати од референдумот во Данска, и можноста за т.н. хуманитарно воена интервенција во Босна и Херцеговина и СР Југославија, но за кратко време улогата на Грција во сите тие процеси ќе биде одиграна. Европа ќе се исправи пред својата совест, пред принципите на Хелсинки и Париз и првата на народите на самоопределување пред критиките на демократската јавност во своите средини и пошироко.

Што треба и што може да правиме до тој период? да продолжиме со политиката на дијалог и аргументираност, да ги интензивираме контактите со Европските државници и политичките структури од позицијата и од редот на опозицијата, да предизвикаме реакција кај Европското јавно мислење, да се свртиме целосно кон доградувањето на политичкиот и економскито систем со досегашните сили или со нови потенцијали, да се вратиме кон сопствените работни задачи и обврски и тоа со уште поголема одговорност и интензитет, да не и дадеме простор на малодушноста и апатијата. Правдата е на наша страна, совеста ќе ги нагризува на тие што останаа со нечиста совест, времето може да работи само за нас ако останеме доследни и цврсти во определбите, единствени и достоинствени иако

докажеме дека во Македонија нема простор за пазарење околу името и дека во Македонија нема сили што се спремни на таков пазар, Во тоа огромна улога ќе има и јавните гласила кои изминатите денови покажаа во неколку наврати дека не најдобро ја сфаќаат улогата што ја имаат во добивањето на оваа посебна и преседна битка за Република Македонија.

Протестот пак на сите граѓани на Македонија надвор од овој институционален протест што го правиме со одбивањето на делот од декларацијата во кој што се бара изоставувањето на името Македонија, за кој верувам дека ќе го поддржувам едногласно треба да го организираме и програмираме сите заедно, сите парламентарни и вон парламентарни партии на достоинствен и културен начин и навреме за да може да си ја постигне својата функција и цел.

Уверен сум дека ќе ја добиеме и оваа последна пресудна битка и дека ќе ја обезбедиме иднината на Македонската држава, имаме посилни оружја од тие што сакаат да не поразат, имаме цврста волја, достоинство и образ. Ни едното, ни другото, ни третото нема да можат да ни го одземат. Клучот е во наши раце, само ние самите може да се омаловажиме, да се обезличиме, да се покажеме недостојни, на делото што треба да го довршиме,но нашиот народ тоа нема да го дозволи. Сите оние кои што ќе тргнат по спротивен пат ќе бидат жигосани и отстранети како страно тело.

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, ниту во еден момент граѓаните на Македонија не се чувствуваат посклопени, поединствени,отколку денес кога треба да се одбрани националното единство, нашиот идентитет и целото наше опстојување низ вековите. желбата на поголемите и посилните на Европа, Македонија да го промени своето име, а можеби со текот на времето со

парче гума да се избрише постоењето на една цела географска целина, на цел еден народ, култура, традиција можеме да кажеме дека не прави само посилни, поистрајни бидејќи нашата историја изобилува со вакви и слични искушенија се со цел Македонија да се избрише, да не постои а"ние еве и признати и непризнати живееме, работиме, опстојуваме.

За мене разбирливо е зашто нашиот сосед Република Грција, потроши толку многу труд, толку многу средства, па дури и природни богатства во разобличуваше на вистината за Македонија чие што име е само формална пречка за нејзиното признавање, а суштината е сосема нешто друго. На Република Грција како на членка и потписничка на многу меѓународни конвенции совршено и е јасно дека на сите оние кои до вчера ги нарекуваше славомакедонци без разлика на нивниот број од моментот. на признавањето на Македонија под тоа име сакала или не ќе мора да им го надокнати со години пропуштеното, пред се нивните национални права како и правото на користење на нивните приватни имоти кои што се наоѓаат во северниот дел на Република Грција.

Меѓутоа, јасно ни е и зошто Европската заедница се оглуши на нашите желби, од принципите кои што таа самата ги постави, ги изгради за да може сега да ги поништи и да не ги почитува. Пред се требаше да го наруши мирот во сопствената куќа, нејзиното единство, па можеби и обединувањето на Европа чија што цена во ово јмомент е Македонија. Се прашувам во која тоа Европа, ние бараме да влеземе, какви се нашите илузии за еден нов демократски поредок во Европа и Светот ако посилните и поголемите ги уништуваат помалите, ако економски ги условуваат и ако се нема принцип на еднаквост и меѓусебно почитување.

Нас републичките пратеници на ова Собрание, народот без разлика на полот, расата религијата, вероисповеста не избраа како пратеници, на Собранието на Република Македонија, а не како пратеници на едно безимено Собрание односно како на една безимена држава. Нека не мисли никој дека кај нас постои макар и трунка желба или било каква илузија дека треба да го прашаме како се чувствуа народот во овие простори односно дали има желба да го промени своето име, дали се тие македонци или не дали сите се чувствуваме она што сме, затоа ќе треба да прекопуваме по гробовите на нашите дедовци за која таа држава тие се бореле и со кое име на усните умирале за слободата на ова парче земја. Доколку некој и доаѓа во Македонија со таква желба, нека тоа биде дури и уважениот и почитуван господин Даглас Херт, ќе му пожелиме добредојде да разговара за била која друга област освен за промена на нашето име односно на нашиот идентитет. Бидејќи во оној момент кога тој тоа ќе го побара во нашата средина ќе му бидат поставени прашања од сите граѓани на ова парче земја, од сите нас пратеници кои седиме во овој парламент, да ги запраша своите англичани дали се чувствуваат како англичани на својата земја, да ги праша данците дали се чувствуваат како данци во Данска, односно можеби постои резерва и кај соседните грци, дали тие се грци, од секогаш или само низ времето некој им го дал тоа име за да опстојуваат и до денеска и се задржало. Она што е основно и што ова Собрание мора да го каже е пред се , дека ние досега не се потпиравме на никаков грб, дека живеевме и работевме благодарение на нашиот труд и нашата пот, дека на овие простори живеевме сиромашно, дека она што не очекува не е многу големо богатство, туку е само желба за понатамошно истрајување, многу труд многу под и многу работа, Меѓутоа, тоа што е исконска желба на овие простори опстојувањето за изградување на една наша од секогаш сакана,

X/8.-

барана и пред се очекувана од народот држава ќе мора да го оствариме затоа што тоа е желба на сите наши дедовци и прадедовци

Тоа што пак од нас се бара како Републички пратеници, е пред се да истраеме, да одговориме на нашата задача која што во овој не очекува а тоа е заокружување на нашата државност, донесувањето има законите кои што се за нас животно важни, а тоа се и воедно и операционализирање на нашиот устав во една многу побрза процедура од досегашната. Тоа воедно бара пошироко и подлабоко економско поврзување на Македонија со сите оние кои им пружија рака, кои што ја признаа нејзината државност, пред се заради искористување на она што никој не може да ни го одземе, а тоа е нашата геостратегиска положба односно возвраќање на реципрочни мерки на се она што нашиот сосед .одамна го применува на грчко - македонската граница.

Што се донесува до нашата надворешна политика, може би не беше сторено се најдобро, меѓутоа, ни сме народ мирен по традиција, кој бара остварување на своите цели по мирен пат без дигање на глас, без агресивност, без некој а голема доза на решителност. Можеби тука ќе треба да се промени, можеби ќе треба да покажеме поголема агресивност, цврстина, решителност према сите оние кои што работат на наша штета било да се присутни тука меѓу нас или да се присутни далеку од нас. Воедно ќе треба да покажеме дека Македонија и во овој момент е спрема на соработка, добро соседство, мир за сите оние кои што тоа го сакаат, меѓутоа дека тој мир и тоа добрасоседство може да почива само на почитување на принципот на реципроцитет како и на принципот на добрососедство и мир и пријателство.

Основно што го предлагам за денес е пред се, усвојување на Декларацијата што ова Собрание ја направи во паузата меѓу седниците која што воедно треба да се испрати до сите земји на Европската заедница.

X/9.-

Второ, да се покрене постапка пред меѓународниот суд во Хаг, за заштита на човековите права на сите граѓани на Република Македонија, заради тоа што н а поширокaта јавност треба да и се сврти вниманието дека ние сме народ кој знае дека има сови права, и дека оние кои што ја направија оваа институција треба да седат на обвинителна клупа заради тоа што Македонија знае каква политика спрема неа се спроведуваше

**ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:** (продолжение)

Воедно оваа дволична и непринципиелна политика само ќе потсетам дека доведе до суди во Босна и Херцеговина, во која што и денес сеуште гинат цивили и недужни луѓе, а каква иронија - истата таа меѓународна заедница денес со сите сили се труди да испрати хуманитарна помош. Воедно ќе потсетам дека од Босна и Херцеговина се бараше референдум за изјаснување на нејзините граѓани за независност, а нејзиното признавање уследи дури откако почна војна на нејзиниот терен. Ваква цена за признавањето на Македонија не и е потребна.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, морам да признам дека денес доаѓајќи на оваа седница на Собранието имав чувство дека навистина се работи за еден судбоносен час за Македонија и треба барем денес да се надминеме себеси и да постигнеме компромис по ова прашање. Мислам дека е нонсенс по ова прашање да има различни размислувања, особено по ова прашање да се натпреваруваме кој повеќе ќе ќари на партиски план, кој повеќе публицитет ќе добие во јавноста или кој повеќе со кого ќе се компромитира. Затоа, претходните дискусии, не сите но повеќето од нив и дел од нив навистина оставаат некое чувство дека во овие моменти треба да се позамислиме, ако не сите барем повеќето од нас, дали мора вака да се реагира. Нема да одговара на никого за сите дискусии што ги имаа, за сите навреди што беа изречени овде од оваа говорница. ќе премолчам, мене во овој момент достоинството не ми дозволува така да дискутирам. Меѓутоа, ако сакаат одговор можат во секој момент да го добијат.

XI/2

Ќе се осврнам на она што е тема и расправа денес на оваа седница, а тоа е Декларацијата на Европската заедница, оној дел од Декларацијата кој зборува за промена на името на Република Македонија. Би кажал веднаш и децидно околу промената на името на Република Македонија, според мене, а мислам и според целата македонска јавност, не станува збор, не може да се разговара и краткиот одговор би бил не. Промена на името не доаѓа предвид и ништо повеќе на оваа тема.

Меѓутоа, би можеле да поразговараме за односот на Европската заедница. Секако, не би одговарал на ова прашаше онака како што можеби осамнаа некои графити по нашите градови, меѓутоа дека е непринципиелен, не соодветен, една таква висока институција... тоа го кажаа и многу претходни дискутанти.

И она што посебно ме иритира во овој момент е фактот што оваа Декларација на Европската заедница по мене е втора Декларација па си го поставувам прашањето дали можеби нема да очекуваме некоја трета, четврта или незнам која Декларација. И дали овој однос на Европа не води кон создавање ајде да се изразам така можеби "Европски палестинци" во овој момент. Затоа, барам од Европа да се размисли околу целиот овој проблем бидејќи на овие простори премногу имаше крв и премногу имаше злосторства. И понатаму било што да се разговара, мислам дека многу од пратениците го кажаа во врска со односот на Европската заедница, меѓутоа, ценам дека останува едно од клучните прашања: Како понатаму, како понатаму да ја градиме нашата стратегија во врска со признавањето на Македонија.

Прво, би се оврнал на излагањето на господинот Денко Малески. Во своето излагање тој рече дека сега се тешки моменти за Македонија, дека мора да се обединиме и мора сите заедно да истраеме и да се бориме за она што сме го започнале. Ако е така, господине Малески, тогаш ве повикувам и Вие да останете со нас и да истраете на тоа. Не може Вие да се дистанцирате кога и самите повикувате да бидеме заедно.

Второ, она што е мое размислување е фактот дека политичкиот врв на земјата се изјасни онака како што се изјасни. Меѓутоа, ценам дека нашата шанса е во народите на Европа. Ценам дека народите на Европа не мислат онака како што мисли нивниот политички врв- Ценам дека таму свеста постои. Можеби наша грешка е што ние не бевме доволно агресивни да ја анимираме целата Европска јавност на ова прашање. Знам дека сите оние средства кои можат да анимираат се повеќе од комерцијална природа, па ние сепак не сме така богата држава за да можеме да откупуваме канали на телевизиските станици или да ги закупуваме првите страници на разни високо тиражни светски весници. Меѓутоа, сепак ако треба од денес на оваа линија мора да се направи напор бидејќи шансата наша е да ја анимираме јавноста, нивната , европската односно јавноста во тие држави, тие на своите политичари да им кажат дека навистина сега се греши. Погрешија и дека таквата грешка не е во ред.

Би спомнал исто така, тоа е барем моето видување дека сегашниот став на Европската заедница, можеби ќе бидам остар меѓутоа тоа е мојата проценка, практично е геноцид врз македонското населени. Практично води односно би водело до исчезнување на еден словенски народ. Затоа, мислам дека е пожелно овој Парламент да се обрати до сите словенски држави, да апелира до нив дека почнува да се води една политика која

можеби прв пат беше промовирана во 40-те година на овој век, а се надевам дека нема до крај да биде остварена. Затоа, можеби од нив би добиле и поддршка на ова.

На крајот би се обратил до сите оние пратеници кои би рекол дека ја промашија темата во денешната дискусија и на место да дискутираат за Декларацијата односно да одговорат на основното прашање дали прифаќаат промена на името на Македонија или не јасно и гласно од оваа говорница да кажат дали ја прифаќаат таа промена или не, а не да се кријат со напади врз комплетното македонско раководство и се она што е македонско и јасно и гласно да дадат одговор на тоа прашање, доколку во џебот немаат конвертирано некое друго име.

**JOВАН МАНЧЕВСКИ:**

Почитувани. пратеници, верувам .дека моментално во Република Македонија, а веројатно и понастрана во дијаспората е присутен повеќе гневот отколку разочарувањето. Да го стишаме гневот, разочарувањето е само во смисла на нашата слепа верба во Европската заедница, нејзината демократичност, праведност и принципиелност, но како што видовте од тоа остана само гола политика и тесногради интереси. Затоа, игрите околу името не се ништо друго освен параван зад кој се кријат многу поважни но валкани работи. Поради нашиот револт не треба да правиме чекори во афект заради кои по- доцна ќе зажалиме. Таа иста таканаречена демократија можеше да ја држи една Кина повеќе десетлетија и нејзините милијарда жители надвор од Обединетите нации* А што се однесува до нас македонците требаше минатото да ни биде поука и патоказ за иднината, требаше искуството на нашите предци, искуството на претходните

генерации на релацијата Македонија - Европа да ги имаме предвид. Зошто не случајно се вели "ако еднаш се сопнеш на камен, си бил невнимателен, но ако на истиот камен се сопнеш и втор пат сигурно ќе испаднеш будала". Но тоа не им дава а право на некои политичари полни со себе да бидат крајно навредливи спрема три пати постари. од себе макар да е по среди борба за власт, односно чиста политика во која нема ферплеј. Веруваме дека старата дама го променила размислувањето и однесувањето. Времињата се можеби други, но таа си остана иста. Затоа, колку и да може да има непријатни, а можеби и трагични последици, Резолуцијата на двнаесетмината делува малку и наивно. Да го менуваш името на цел еден народ како да е во прашање обично палто што може да се промени навистина ни звучи несериозно. Но заради сериозноста на прашањето не смееме да наседнуваме на политички трикови и заведувања. А прашањето е дали ќе истраеме или ќе не снема како посебен ентитет како нација за секогаш.

Едно што не можам да прифатам е постијанот наше потенцирање на таа наша маленкост и незначителност на Балканот и во Европа. Веројатно и Његош бил обземен од слично чувство кога го испеал стихот "Оревот е чудно овошје, ти го кршиш, а тој заби ти скршил". Што да се прави во таквата ситуација? Основно е да се сочува присебноста и мирот. Нема да ни вреди никаква резолуција ни Декларација ако почнеме да се препукуваме. Крајното решение е во наши раце и ние одлучуваме самите за себе, да се свртиме кон земјите што го немаат грчкиот комплекс, дури не мора да бидат ни во Европа. Нема безизлезна ситуација, има само неснаодливи луѓе. Можеме само да се поднаведнеме, да земеме здив, трката продолжува, претстои борба за нашето признавање, но немаме никаква друга алтернатива на досегашната наша мирољубива политика.

Правдата и вистината мора да победат, а тие се на наша страна. Изгубена е само една битка и не се живее само од политика. Животот тече и понатаму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Ферид Садику. (излезен е)

Има збор господинот» Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, во името на некакво си македонско национално единство од изјаснувањето на Бадинтеровата комисија па се до Декларацијата на Европската заедница од 27 јуни 1992 година се премолчуваше една, барем за мене стерилна непродуктивна надворешна политика чии главни креатори беа господинот Гиро Глигоров и експертот за надворешни работи господинот Денко Малески и веќе екс специјалниот пратеник на претседателот на Републиката господинот Васил Тупурковски. Ако се послужиме со^народната изрека "ако баба лаже, трап не лаже", време е да се отворат сите карти и да се резимира во што е причината за непризнавањето на Република Македонија, кои се главните виновници за ваквата ситуација, а со тоа сме втерани во, една од најдраматичните и најтешки историски премрежија, можеби многу потешки од оние од 1913 година кога Македонија е распарчена во Букурешт. Следствено, 15.01.1992 година, денот "Д" беше долго најавуван  во средствата за јавно информирање како ден на меѓународното признавање на Републиката. Нормално, под директива на врвното македонско раководство. Следуваше вториот ден "Д" на 17.02.1992 година, па се до денес се редеа деновите "Д" како можни денови за признавање на Македонија. Но ништо од долго очекуваното признавање благодарение и на господинот Малески како

министер за односи со странство, кој доскоро повеќе се залагаше за зачувување на Југославија, а многу малку или воопшто ништо не направ за Македонија. Ова исто така е мое мислење. И на виделина излезе сета неспособност и некреативност на нашата надворешна политика на чело со гореспоменатиот министер и неговиот ментор, господинот Киро Глигоров,

Впрочем, целата надворешна политика на Република Македонија ја водеа доскоро тројца луѓе, господинот Глигоров, господинот Малески и господинот Тупурковски, што никако не смеат да Си дозволат таков луксуз целата надворешна политика да ја креираат и водат тројца луѓе, кога се знаеше каква тешка и макотрпна борба и претстои на Македонија околу меѓународното признавање. А господинот Тупурковски по незнам која основа е отстранет, па не би било на одмет јавно да се слушне од претседателот на Републиката Киро Глигоров за што и за кои гревови, ако ги има е отстранет или подобро речено исфрлен од игра. А истото прашање би го потенцирал и за делувањето на македонското лоби на чело со господинот Џон Битов. Само по себе се наметнува прашањето зошто толку многу компромиси се правени и бевме во постојана дефанзива кон Европа, а и пошироко во светот. Нашето така наречено "мудро раководство" на чело со господинот Киро Глигоров како прв човек на македонската држава во изминатиот период не успеа да најде вистински пријатели во светот и со нивна помош и авторитет да се избориме за толку долго очекуваното меѓународно признавање на Републиката. Се леташе со авиончето бесцелно, па не е ни чудно што Европа потклекна под притисокот на Грција, а и увиде дека многу малку се залагаме за своја државност. А и доскоро седевме на две столици, од кои едната беше југословенска и се случи она што не требаше да се случи, а сега се доведува во прашање и нашето македонско битие, па се плашам од повторно возобновување на вториот

дел од референдумското прашање, на што на некои парламентарни или вонпраламентарни цели - немој да се смееш, можеш да ми реплицираш ако сакаш (се обраќа на некој од пратениците во салата) - многу им одговара. Во оваа смисла би ве потсетил дека дури сега на 27.об.1992 год*на, од програмската декларација и статут на 'Социјал демократскиот сојуз на Македонија е избришано поглавјето "Југословенска опција". Очигледно дека најновата декларација на шефовите на државите, членки на Европската заедница од 27-06.1992 година, дефинитивно покажа дека мудрата меѓународна политика, чии креатор е господинот Киро Глигоров доживеа, барем лично според мене, потполно фијаско како продукт на една понижувачко и сервилна политика креирана од првиот човек на македонската држава. Во оваа смисла, Македонија денес е понижена, поразена, со уништено македонско достоинство, а можеби и со уништено национално чувство. Се потпадна под сеансата на масовна хипноза од премудрата н- толку фалаена надворешна политика, нормално во содејство со режимските средства за јавно информирање а под патронатство на македонските криптокомунисти или скриени комунисти. И сега кога бродот тоне господоата кои ја доведоа Македонија во безизлезна ситуација бараат спас. Впрочем, и оставката на господинот Малески ми личи на гореспоменатото, во знак на протест поради декларацијата на Европската заедница дава оставка, што е многу смешно и провидно кога се имало предвид дека токму тој и претседателот на Републиката беа тие што ја креираа и водеа надворешната политика на Република Македонија. И најголемата инвестиција на Социјал демократскиот сојуз, барем така пишуваше во неделниот број на"Нова Македонија", господинот Киро Глигоров, по 40 годишно патешествие се враќа од Србија во Македонија како месија, а резултатите се поразителни. И овој неуспех околу

меѓународното признавање на Република Македонија е нивен успех. Следствено, каде беше мудроста на господинот Киро Глигоров кога од оваа иста говорница јавно истапи и рече дека до крајот на годината пред зградата на Обединетите/нации ќе се вее македонското знаме. Дали е мудрост да се залажува македонската јавност со такви истапи, божем признавањето ан Републиката ќе оди какао подмачкано, без да се има слух и осет каков моќен бастион стои пред Македонија. А изборот на господинот Малески се покажа непродуктивен, а би го потсетил исто така господинот Киро Глигоров како сесрдно го бранеше по повод барањето оставка од страна на ВМРО-ДПМНЕ на господинот Малески.

А во врска со соопштението од Кабинетот на господинот Киро Глигоров за национално единство сметам дека прво е несериозно што е дадено во вид на соопштение, а не како обраќање на нацијата преку македонската телевизија. А во врска со текстот на соопштението, според мене, исто така се бара поделба на одговорноста со оние што воопшто или многу малку учествувале во креирањето на надворешната политика.

Има уште нешто што би сакал да потенцирам, а тоа е дека не доаѓа предвид никаква помисла на референдум, на изјаснување околу името Македонија и македонци. Не треба никому да докажуваме кои сме и што сме, туку како се чувствуваме, а се чувствуваме како македонсци, барем јас така се чувствувам, незнам за другите, па во овој контекст господата од МАНУ, доктори на науки не најдоа за потребно да ја докажат историската не поврзаност и разлика меѓу Античките македонци и Старите грци на тркалезна маса, семинари, со присуство на господата грчки историчари и светски познати имиња од оваа област и во една конструктивна расправа

да докажат на самите грци и светот дека немаат никакво право ни историско ни морално на името Македонија. Следствено како македонска држава требаше да ја изнесеме вистината за асимилацијата на Грција кон се што е македонско во Беломорска Македонија и чинот на систематско уништување и истребување на македонците на тој дел од Македонија.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ**: (Продолжение)

И на крајот со големо жалење може да се констатира дека политичките оценки на ВМРО-ДПМНЕ се покажаа реални но никој во Македонија не сакаше да ги слушне и после настаните се покажа дека ВМРО бил во право. Но за ВМРО борбата за меѓународно признавање не само што ќе продолжи туку агресивно ќе се интензивира. Морално право на таа борба имаат само вистинските бранители на македонската кауза. Со една многу поофанзивна, поосмислена и агресивна стратегија на сите полиша, сигурен сум ќе резултира со успех. Значи, борбата за меѓународно признавање продолжува и не смееме да отстапиме, а уште помалку да тргуваме со името Македонија.

На крајот би сакал да потенцирам, ова е многу битно да се слушне, Европа е свесна дека во Македонија нема демократија и дека демократијата е мислена именка кај нас во смисла што власта е комунистичка и сеуште е непроменета од времето на едноумието.

И уште нешто што би сакал да кажам, а тоа е следното, се работи за цитат од книгата "Зошто се менувани"од Драган Марковиќ и Саво Кржавац, на страна 382 пишува следново:

"Киро Глигоров член на Претседателството на СКЈ зборувал покрај другото и за појавата на национализам во Македонија. Изнел и неколку примери. Може слободно да се каже дека во Македонија егзистира една широка лепеза на разни националистички иживувања од националромантизмот до обезбреднување на НОБ. Повеќе пати говорев со разни другари, разменувам мисли за тоа дека почнува не само да загрижува туку да шокира кога на празниците врзани за Илинденското востание се

дава голем дури и преголем блесок, а кога е поврзано со настаните од времето на НОБ,најголемиот и најсветол период од историјата на македонскиот народ во кој ги оствaривме социјализмот и својата држава, во некои средини тоа не се прави на достоен начин'". Коментарот е излишен.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Господине претседателе,.господа претседателство, пратеници и пратенички,

Ова можеби е најисторискиот момент што го доживува не само македонскиот народ, туку и другите народности кои живеат во оваа земја.

Факт е дека паднавме на испитот. Но, не ги земаме да ги обработиме моментите и задачите што останаа нерешени во времето кога ја правевме оваа држава. Оваа независна држава.

Декларацијата на Европската заедница, нормално не е прифатлива за никого. Тоа е нешто кое секој од нас ќе биде навреден. Но, треба да бидеме достоинствени како луѓе, како поединци и како целина. Можеби ќе дојде денот кога тоа што го напиша Европската заедница ќе биде избришано и ние како народ и народности кои живееме во оваа земја, на ова што ќе ја добиеме таа држава што постоела многу векови.

Каде паднавме на испитот. Паднавме на испитот и на внатрешен и на надворешен план. Господинот претседател и господинот министер за надворешни работи можеби не ги прецениja силите и внатре и надвор. Кога зборувам за внатре во земјата, многу пати од оваа говорница јас викав и зборував дека ништо не сме направиле да го рушиме системот. Живееме во една илузија дека тој систем ќе живее, ќе опстане а ние со тој систем ќе

бидеме признати. Не, тука е првата грешка. Нека ми извинат господата преговарачи во оваа земја, на ова парче земја влегувале и излегувале и политичари и новинари и коментатори и секакви, од Европа и светот. Јa гледаа положбата. Јa следеа една, ипол година што работиме во овој Парламент и што работи нашата власт. Година ипол не донесовме еден позитивен закон со кој ќе се оддалечиме од тоталитарниот режим. Пак ќе повторам ќе го повторам тоа што го кажав, можеби и ние не ќе плачеме а плаче народот.. Тоа беше хипотеза која не можеме да ја сокриеме.

Видете во што е. Јас многу пати кажав и се обратив кон претседателот и кон сите вас дека ние одиме,преговараме надвор од земјата без наше обележје, а бараме држава. Мајката! Овие луѓе од каде се. Од Контузија ли се од Ерменија ли се од Узбекистан се, од Јапан се. Од каде се? А бараш држава. Никој нема да ти ја даде на таблата држава. Ние не сме ја признале државата а бараме да ја признае Европа. И тоа сум го кажал. Сведоци сме во едно, кога седат преговарачите, а тоа го знае господинот претседател и господинот Малевски седат со знамиња. Седат со обележја. Тоа е највидливото и најчувствителното денеска во Европа. Никој не може да ме излаже да каже дека тоа не е факт. Тоа е најголемиот факт.

Законите што требаше да ги донесеме не сме ги донеле на време. Ниту за грбот, ниту за знамето. И тука има полемики. И тоа го слушате. Се знае имаме држава, се знае кое беше Античкото знаме на нашето македонче и ние имаме крв од нив, се знае кој беше грбот на нашата држава. Нема што повеќе да дискутираме. Тоа можеше да се донесе за еден час, ми се чини никој не ќе имаше против тоа. Останав ме назад.

За другите системи и закони, исто така. Изостанавме. И во поглед на приватизацијата на општествениот капитал враќање на имовината, дури и

казнуваше на тие што ја донесоа државата, не мислам во затвори и она и ова, на одземање на имовините и враќање на оние на кои им била одземена или враќаше во државата. И тоа не сме го направиле. Дозволивме да се украде земјата. Да се опљачка земјата, дозволивме да им се земе валутата, парите на оние што ги печалеа со крв и пот, а ние бараме држава. Не може да добиеме. Тие се темели на државата. Тие се закони што секоја држава ги има.

Донесовме граѓански устав. Го прифативме Уставот од кој требаше да произлезат законите.

И уште една работа, ако ја земеме историјата малку поназад, ние не погледнавме низ историјата како се развиваше, како се создаваше и како се темелеше оваа држава.

Се согласувам со претходниот дискутант, дури завчера слушнав дека нашите академици од Македонија се состанале и ја осудиле декларацијата на ЕЗ. Зарем може првите граѓани на една земја после година ипол да се јават и да бараат држава. Сега се прашувам на која страна тие беа, која држава чекале, какви се тие академици, на кого припаѓаат тие академици, кој систем исто така чекале? Тоа е големо прашање. Не сакам да ги осудам сите бидејќи меѓу нив има и добри граѓани било од која народност да биле.

Кога зборувам за историјата треба да кажам една работа дека историјата не ја создававме ни вчера ни завчера ниту пред една недела. Ја создаваме илјада и повеќе години оваа историја на Македонија. Таков документ нашите историчари уште немаат напишано. Или ако го пишуваат оставаат празнини. Ја оставаат'12-та, ја оставаат '19-та, ја оставаат '45-та и '81, кога отиде покојниот Ченто, кога отидоа многу наши политички затвореници и последниот процес ми се чини беше 1981 година со една група македонци осудени на повеќе години.

XII/5

Мислите Европа не го знае ова? Кои беа тие политички затвореници? Зошто беа осудувани? Зошто умреа на Голи Оток? Колку се убиени? Зошто беа осудени? Колку се убиени во централниот затвор? Колку Егејци умреа во Катланово? Претходното раководство вика, присутен бев ми се чини дека таму ќе се подигне еден споменик на тие луѓе. Меѓутоа, тие тоа не го направија. Јас барав дури да се осветат коските за да имаме еден темел - камен и да ја бараме таа земја во Европа, да се осветат коските на луѓето што ги уби едноумието низ разни места. Тоа не сме го направиле. Е, Европа не прима со срп и чекан и со ножот во грбот. И никогаш нема да не признае!

Што останува да направиме? Се обраќам го господинот Малевски и до господинот претседател, јас многу пати сум разговарал и сега ме боли, зошто господинот Малевски дава оставка. Мене не ми е јасно затоа што претходно, пред некоја недела господинот претседател рекол вака - ако треба да изберам нов министер за надворешни работи тоа ќе биде господинот Малевски.

Старите грци велат кога ќе тргнат во борба "со штитот или вршникот". Значи, не сме ја завршиле работата. Останавме слаби и лабави. Молам тоа да ми се објасни.

На надворешен план, дали бевме ние обединети во водењето на надворешната политика. Ми се чини тука и господинот претседател и господинот Малевски требаше да имаат една екипа која ќе работи на тоа. А сите оние пасоши, печати, писма што до вчера го носеа печатот на СФРЈ требаше да бидат избришани. Така ли беше или не беше така? Ние одевме надвор со печат на СФРЈ. Тоа беше најголемата кочница во надворешната политика.

XII/6.-

Нашите преговарачи ми се чини во последно време дојдоа и во судир. Ако не е така, нека ми се објасни. Не може да се води политика со дволичие. Апсолутно

На крајот, дали може некој мене да ми го земе идентитетот, може да ми го смени името? Не! Никој не ќе може да го смени името Македонија. Јас ве уверувам дека постои и ќе постои и ќе ги молам идните преговарачи или сегашните, како сакате кажете, да водат сметка во чие име одат, што бараат и подобро ќе биде да не признае поединечно секоја држава, така, и на крајот на краиштата Европа верувам, како што дента ќе ја донесе ноќта или обратно, ќе ја признае Македонија затоа што Македонија има историски и политички и како сакате кажете и поднебјето е такво што Европа мора да ја признае.

Што се однесува до Грција, јас секогаш зборував дека односите со балканските држави треба да бидат најкоректни. Самата положба, самото место на кое се наоѓаме е крстопат кон Југот, кон Африка, кон Азија и кон Европа. Ние сакале или не сакале ќе мора тие односи да ги подобруваме. Со благословот на господ, со помошта на грчкиот народ, грчката влада ќе мора еден ден да признае дека спрема северниот сосед греши. Ние не бараме од Грција ништо. Ниту од Бугарија, ниту од Албанија бараме нешто. Ние едно што баравме од нив беше да ги признае правата на малцинствата, како што бара и Европа и ОН. Ништо друго против немаме. Дури и можеби ќе дојде ден кога Европа ќе ги отвори границите, кога ние ќе бидеме спокојни и нема од што да се плашиме.

Сакам само да цитирам една работа, никогаш козата од рогот на куца. Завршувам со метафори. И овде ќе ви прочитам зошто ќе плачеме. Едни се насмеаја, јас реков ние ќе плачеме. И ние ќе плачеме, и нашиот народ ќе плаче ако господ рекол да ја понесеме таа тежина и ветената земја некој да

XII/7.-

ни ја земе. 27.VI. 1991 година, овде пред мене и господинот претседател и господинот претседател на Владата, кога реков вака "моментот е историски, мора да се донесат судбоносни одлуки, како што истакна господин Кљусев поради брзата ескалација на настаните". Тоа беше 27.VI.1991 година. "Политичко - безбедносната состојба и опасностите по судбината на Република Македонија се критични и стануваат од час во час се поголеми и понесовладливи". Меѓутоа, ние тоа го поминавме. "Останувањето во осакатенито дел на Авнојска Југославија е рамно на самоубиство и чин на предавство на националните интереси на Македонија". Тоа беше Митко што го рекол тука, а некои ме негираат. Не сакам да кажам кои, тоа не ме интересира.

"Други не поставија пред прашањето да се биде или да не се биде", значи други не поставија да бидеме или да не бидеме. "Како дошло; до сите тие нагодби? Кои контра потези да ги повлече Македонија против сите сценарија што се водеа во тоа време и уште се водат, како да се спречат воено - безбедносните служби на ЈНА да не ставаат во служба на едни или други и од удобните фотелји на генералштабовите да манипулираат со месото, крвта и животите на младите деца војници и да гинат и да се осакатуваат". Тогаш добив една опомена од жените од Куманово кои ме осудуваа дека тоа сум го кажал тука пред Парламентот. Подоцна се извинија. "Појасни ставови да донесе Македонската Влада за положбата на Македонија". Тогаш појасни беа за мене ставовите."Дали чекањето ќе биде кобно за Македонија?" Јас ја разбирам загриженоста на Глигоров и Кљусев во тоа време да не се изгуби стекнатото што го имавме, да не се отвори ново жариште, да не се изгуби меѓународниот престиж, рејтинг и углед на Македонецот. И да се излезе победник. Истото го барам и сега. Со штитот или вршникот. Само така ќе се убедиме.

XII/8.-

Мислам на политички план а не на нож да дојдеме да се отепаме. Сега, како паталец и со одреден степен на стекната политичка мудрост, сакав да ги охрабрам во тоа време Киро Глигоров и Кљусев - повлечете потез кој нема да ви го сотре името, реков. Повлечете потез кој го најавивте. Повлечете потез кој нема да ги срами вашите дедовци и идните ваши и наши поколенија. Посебно се обраќам до Киро Глигоров "па вие не се уплашивте во АСНОМ, реков, а бевте меѓу осамените". Така јас тогаш го сметав.

Сега Македонија е со вас, бидејќи ветивте, Митко ќе ја правиме Македонија. Овде вие, јас тука. "Светот е со вас и не се претиснувајте. Историјата и памтењето ќе биде со вас. Согласете се да се донесат историските уставно - правни акти за независноста и самостојноста на Македонија. Согласете се гордоста на македонскиот народ да не ја понижиме. Согласете се и не потклекнувајте".

Меѓутоа, сега увидов дека потклекнавме. Дека ова мое видување,. ме изневери. Ова ме изневери и сега тешко ќе биде да се извлечеме од положбата во која се најдовме. Што ќе преземете? Со какви средства ќе се послужите. Едно е јасно дека Европа со Декларацијата не не призна. Сега, реков, треба да почнеме од ново и со нас, нам да ни помогне само свевишниот господ.

XIII/1/сп/лб

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави Тито Петковски

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, сигурно дека поетите, писателите за оваа Декларација на ЕЗ би кажале многу повеќе отколку ние во стилот срамно, недолично,,понижувачко, недостоинствено за еден цивилизиран народ, но бидејќи сме задолжени, во ова Собрание да ја водиме политиката на оваа Република мора многу пореалистично да поразговараме и со многу поголем резон за сите факти кои не опкружуваат и кои условуваа една ваква одлука

Јас не се сеќавам, ниту претседателот на Републиката ниту министерот за надворешни работи ниту сите тие што настапуваа во меѓународната јавност, па и внатре во Републиката ветија дека процесот на признавањето на Република Македонија ќе биде брз, туку напротив дека е тоа долг и макотрпен процес. Министерот за односи со странство во секое интервју и претседателот кога се враќа од странство ова го повторуваат дека не може брзо да се стаса до таа цел. И јас исто така незнам дали сме ние веројатно психичката конституција ни е таква како народ сме емотивци и реагираме на секоја одлука многу емотивно и со фрустрации. Ова што сега го направи ЕЕЗ за мене е само еден чин односно една борба, никако дека е изгубена војната во целина. За мене е разбирлива ваквата одлука на ЕЕЗ, а ќе кажам од кои причини. Меѓутоа, навистина ми е неразбирливо овие отровни стрели што се фрлаат овде и дисквалификации на поединци особено на претседателот на Републиката и на оние што ја водат надворешната политика, недостоинствено е затоа што во услови кога овој народ се бори за својот идентитет во меѓународната заедница да стане рамноправен член , тие што ја водат таа политика овде им се руши со сите средства легитимитетот. Тоа е преседан за кој јас не сум прочитал никаде,

а се бавам со политичкиот систем,, политичката теорија подолго време. Шефот на државата се уважува се дури е шеф избран од народот. Може да се критикува принципиелно, но вакви дисквалификации, мислам дека само непријателите можат да го кажат, а пријателите не можат никако. Јa разберам ЕЕЗ зошто зазема ваков став. Мислам дека ви е многу јасно дека ЕЕЗ е пред се економска заедница и тоа на моќни и богати држави. Но, има и огромно политичко внимание. Сосема е разбирливо од сите услови и целиот свет односно Европа да ја крои , според сопствените интереси и пред се сопствените економски интереси. Но, бидејќи тие тесно се поврзани со политичките, тие вршат притисок и на политичките односи и ја кројат политичката карта на Европа.

Апсолутни ми е сфатливо ако една европска заедница од 12 мина меѓу толку држави во Европа го фаворизира предлогот на Грција наместо предлогот на Македонија затоа што е членка на таа ЕЗ и затоа што, пред, се, мора да ги штити тие интереси, бидејќи е нивни пријател, а Македонија во овие рамки кај нив е ништо. Сосема логично прозвучи заложбата на господинот Мицотакис ЕЗ бирајте или меѓу нас 10 милиони или овие милион колку ги има македонци и другите што не се чувствуваат македонци, но за жал овде во оваа сала денеска прозвучаа од другите што господинот Мицотакис ги етикетираше дека им станало до Македонија. Говорам за пратениците од ПДП-НДП и дека навистина го чуваат интегритетот на оваа држава. Тоа е најдобриот одговор на Мицотакис дека во оваа Република, во оваа држава не стојат работите така како тој што мисли, како тој што говореше, туку има нешто друго, еден друг феномен што веројатно вие ќе треба да го објасните малку пошироко низ македонската јавност.

XIII/3

Оваа македонска држава , ќе се согласите, има многу подлабоки корени, не ја градиме ние од денес па некој да не признава или не не признава. Ако ЕЗ и Советот и Европскиот парламент говорат дека сите републики се сукцесори на оваа држава, значи ова држава постоела многу години наназад, пролеана е многу крв за неа, членувала во многу меѓународни, не само европски институции и асоцијации. Не може таа од денеска, без имена е, па од денес некој ќе не признае или нема да не признае.

Овде станува збор само за борба за интереси и сфери за влијание на богатите, ништо друго. Нам ни останува тоа да го докажуваме ако сакаат, а мора некој да сака да го слушне тоа, да ја слушнат вистината за Македонија. Јас лично мислам дека и кога би се вратиле старите грци би се срамеле од оваа политика на денешната грчка влада, затоа што едно време важеа за многу цивилизиран народ. Она што денеска се случува со негирањето на еден народ толку долго наназад, веројатно дека не им служи на чест.

Зошто го чини тоа Грција постојано да ги избегнува контактите со Македонија? Зошто не сака воопшто да разговара со официјални македонски органи, а до вчера можеше да се разговара во рамките на некои делегации на поранешна Југославија, а денеска не сакаат, и нас не обвинуваат за некооперативност, несоработка. Значи, еднострано од позиција на моќ, на сила се диктираат условите и едноставно ние мора да бидеме во подредена ситуација како народ и како држава, и сите граѓани што живеат тука.

Според тоа, мислам дека ние мораме малку поофанзивно на тој план на информативно - пропаганден план да направиме нешто повеќе отколку Грција го прави. Ако може Грција толку долари, толку пари да фрли за лаги за антимакедонска пропаганда веројатно нашата држава може толку да

одвои за презентација на вистината за Македонија во странство многу повеќе.- Тоа со апсолутно чиста совест. Што направивме ние повеќе од она што го чинеа претседателот на Републиката и министерот за односи со странство како партии? Се согласувам дека треба сите по секоја ^линија како граѓани, како партија, раководства,како интелектуалци да правиме се за афирмација на оваа држава, овој народ, оваа култура овде. Но, дали е тоа така? Не ги потценувам активностите на ВМРО-ДПМНЕ што беа спомнати овде, контактите со Австрија, контактите со Словенија, Хрватска. Меѓутоа, истата таа партија вети овде пред да одат во Бугарија дека прават платформа за разговор и со Србија, Грција и Албанија. Се задржаа само на Бугарија. Дали е тоа еквидистанцата во официјалната политика на Македонија? Јас не разбирам што е тоа еквидистанца. Имам политичка енциклопедија, ќе прочитам,ако се лажам. Еквидистанца значи ако имаме подеднаков аршин во односите со сите соседни држави. Како може да се говори за прифаќање на една политика кога се има негаторски односи и офанзивен однос во негативна смисла кон соседните држави. Еве да говориме како може една таква политика. да ја прифати и соседна Грција ако отворено се говори дека Конгресот ќе се држи во Солун или на симболите на партијата и меморандумот на писмата стои барем половина Грција дека е наша, дека е македонска.

За каква кооперативност и контакти со таа држава може да се говори. Или да речеме од госпоѓицата Димовска се глорифицира европската демократија од 200 години. За каква демократија се работи кога таа иста Грција македонците не ги призна воопшто, не ги признаа ни другите националности, па зарем е тоа демократија?

XIII/5

За каква демократија говори и таа. Европа, за шовинизмот кон определени националности што го спроведуваат со години,не ги призна апсолутно како идентитет. Јас за таква демократија не се согласувам.

Можеби таа еквидистанца и таква демократија треба да содржи други поими, тоа едноставно не до прифаќам, а за Австрија кога станува збор мораше да дознае македонската јавност не дека се разговараше
во Австрија, туку што се разговараше. Содржината на разговорите. Дали за афирмација на Македонија или за нешто друго. Да ви кажам многу ме потсеќаат овие аргументи што ги слушнав сега од ВМРО-ДПМНЕ односно пратениците на оваа пратеничка група на она што го говори Мицотакис, дека господинот Глигоров и господинот Малески се многу тврди соговорници околу името за Република Македонија. Не се флексибилни. Треба да се бараат други соговорници кои можат тоа да го почитуваат тие грчки ставови. Конференцијата за печат што ја организираше господинот Љупчо Георгиевски, јас воопшто не прочитав или барем не го пренесоа средствата за јавно информирање целосно никаде не спомна дека не го прифаќа делот што се однесува за непризнавање на името на Македонија. Напротив, напади на актуелното раководство, меѓутоа, за неокомунизмот, титоизмот овде продукт претседателот на Републиката на тој систем, Македонија творевина на коминтерната, тоа се зборови на Мицотакис, а како што гледам овде нема голема разлика меѓу ова што го говори ВМРО и она што го говори Мицотакис.

Мислам дека едноставно немаме никаква алтернатива, туку овој пат што е трасиран за Македонија таа нема никакви други снаги и навистина би сакал Македонија да биде голема држава да биде можеби до Индија, не за друго, туку да не не понижуваат,да сме моќни како што сега не понижуваат, а не дека имам територијални аспирации кон другите народи. Но реалноста е друга, таму има 10 милиони грци, во Бугарија има 7-8 милиони бугари,

албанци, срби, тоа е реалноста, ние мора да го прифатиме и од оваа кожа нема надвор, овде историски сме предодредени да живееме заедно, мора да живееме со Албанците, Турците, Ромите, Власите и сите други што живеат на овие почни ц тоа како граѓани, впрочем таков устав донесовме. Ако Уставот не се почитува, ако референдумот не се почитува, ако правата на самоопределување на овој народ не се почитуваат, веројатно, таква политика не може да има никакви демократски обележја, напротив, тоа се во суштина антимакедонски интереси и антимакедонска политика, јас не можам поинаку да ја наречам.

Според тоа, на овие простори единствена алтернатива е толеранција, заедништво, почитување, правата на луѓето како граѓани, без разлика на националната и верска припадност. Перспектива на Македонија е да има коалициона влада и не само коалициона, туку и повеќенационална влада ако сакаме да имаме мир, спокојство, ако сакаме да имаме она што го имавме до сега. Секоја друга политика од она што Македонија како мала земја, мала држава независно што некој не се согласува дека сме мал народ, води само кон уништување на она што го имаме. Ќе ја изгубиме и оваа држава што ја имаме ако водиме таква политика каква што заговараат поединци од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Впрочем и со таква политика денеска во Македонија има мир, може да се работи, да се размислува, а ова што се случи сега во Лисабон веројатно не може да биде никаков крај, затоврање на врати, еве имаме конкретно денеска одгласи од Стејт Департманот и веројатно Даглас Херд ќе донесе иницијативи ова е само едно во овој момент како што се говори еден став на ЕЗ кои ценат

дека е најрационален. За нас е длабоко навредувачки. Според тоа, оваа Декларација за мене можеме само во делот што се однесува на името да ја отфрлиме со индигнација, а да продолжи процесот на многу поофанзивна македонска политика со ангажирањето на целокупниот умствен, интелектуален потенцијал од оваа Република за афирмација на културата на овие луѓе, на овие граѓани што живеат на ова подрачје и да продолжиме во мир и спокојство да работиме и да се свртиме на внатрешните проблеми.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Госпоѓица Димовска сака реплика.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, бидејќи бев спомната и беа изречени некои квалификации за нашата партија, во интерес на објективното информирање морам да кажам неколку збора со респект на вашето време.

Уште во своето излагање укажав на тоа дека се со цел да се одржи некој на власт во стар манир се изнаоѓа надворешен и внатрешен непријател. Имено, во тој стил настапи и господинот Тито Петковски. Се подразбира внатрешниот виновник, дежурен виновник или личност која постојано се сатанизира е господинот Љупчо Георгиевски, а надворешниот виновник е ЕЗ.

Што се однесува до еквидистанцата јас и на господинот Зимбаков му укажав на тоа дека нашата партија всушност прва била ВМРО партијата која се декларирала за овој принцип, а претседателот на Републиката исто така го промовира во Парламентот респектирајќи ја таа традиција. Ние, исто така, се залагаме за тој принцип и  не само што имаме контакти со

соседна Бугарија ние не можеме да си ги избереме соседите, тие се покрај нас, сакале или не тука сме едни покрај други и мора да контактираме ако се залагаме за отворени граници, за слободна циркулација на луѓе, стоки и идеи и мора оние предрасуди што беа во минатото на прогласување на дежурен надворешен непријател, тоа беше Бугарија, сега Грција, да ги надминеме и да ги утврдиме оние места кои можат да не зближат

Некои од господата кои говореа овде на оваа говорница укажаа на тоа дека дијалогот е нужен. Како ќе водиме дијалог кога постојано покажуваме со прст на нашите соседи? Мора да ве запознаам во интерес на вистината дека, дека постојат партиски контакти со партијата СК од Србија со господинот Драшковиќ, но со оглед на тамошната ситуација одложена е неговата посета на Република. Македонија. Беше поставено прашање нели. Исто така партиска делегација го посети грчкиот конзул речиси пред една година и лично му објасни кои се ставовите на ВМРО-ДПМНЕ дека ВМРО нема никакви територијални претензии кон соседите

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ви измина времето за реплика

**ДОСТА ДИМОВСКА**

Дека во меѓународните контакти ќе се залага за почитување на Хелсиншкиот документ и на сите меѓународни акти.

Што се однесува до етикетата дека ВМРО-ДПМНЕ се залага за конгрес во Солун и дека е тоа израз на некаква територијална претензија, јас сметам дека секоја земја која има долгогодишна културна традиција би требало, претпоставувам, толерантно да се однесува кон едно историско минато на секој народ, а факт е дека ВМРО - партијата е формирана 1893

година во Солун и "се надевам дека Грците ќе ни дозволат барем една плоча да ставиме во знак на тој настан, да се одбележи тој настан. (Негодување во салата).

Барањето да се откажеме од нашата традиција да не се одбележи овој настан е исто како и барањето да не одиме на гробот на Јане Сандански во Рожденскиот манастир еднакво е со барањето да се откажеме од Прохор Пчински и да не одиме на обележјата каде се одржало Првото заседание на АСНОМ, еден почит, едно одбележување на тој настан да направиме.

Што се однесува до моето искажување дека не треба да се напаѓа, дека Европа е недемократски што не не признала, јас сметам дека ние не треба сите мостови денеска да ги рушиме зад нас оти утре повторно ќе треба со членките на ЕЗ да седнеме и да разговараме. Да создадеме простор евентуално да се измени Декларацијата за признавање на Македонија особено оној член што не ни одговара каде се бара промена на името на Македонија. Сметам дека со овие фронтални напади на ЕЗ тие мостови ќе ги срушиме и утре тешко ќе не прифатат како соговорници ако настапуваме на овој начин.

XIV/1 рд/вц

**ФЕРИД САДИКУ:**

Почитуван претседателе, почитувано претседателство, почитувани пратеници. Со најновата Декларација јасно се виде на какви позиции и на кого служи Европската заедница и Европскиот совет. Се виде дека најмалку им служи на малите народи и држави што бараат своја потврда и афирмација под меѓународното небо. Најочигледен пример за тоа е условувањето на признавањето на Републиката, со сега веќе традиционалното име Македонија.

Европскиот совет очигледно не ги почитува сопствените принципи и станува жртва на една негова членка, а нашиот сосед Грција, наместо да ни помогне во овие тешки моменти, како на млада држава, направи се за да ги минира напорите на нашата дипломатија и раководство.

Јас сметам дека токму овие моменти, нас граѓаните на Македонија од сите националности, уште повеќе треба да не обедини. Консензусот како таков сега се наметнува и како императив. Ова се историски моменти, а нашиот збор добива историско значење.

Ние Албанците од Македонија, секогаш сме биле и сме за конституирање и остварување на државата Македонија. Во тоа сме изградиле и дел од себе, вклучувајќи се од годините на НОБ, па се до овие моменти и не се каеме, бидејќи тоа била, е и наша држава, како и на нашите сограѓани Македонци, Турци, муслимани, Роми, Власи и други.

Одложувањето на признавањето на Македонија, не треба да биде причина за да се предадеме туку повод за изнаоѓање на нови сили, кои би не воделе кон крајната цел и дело. Затоа како претседателот на Републиката господинот Киро Глигоров така и министерот за односи со странство господинот Денко Малески, треба уште позасилено да продолжат

кон патот што води кон целта, односно признавањето и натамошна афирмација на Република Македонија.

Истовремено, Владата и другите фактори на Републиката да истражуваат и алтернативни решенија во услови на вакумот кој ни е во моментот наметнат.

**НЕЏАДИН ЏАФЕРИ:**

Почитувани колеги, почитувано претседателство, Европската декларација не најде, вака и лично зборувам, малку спремни да сталожено го прифатиме ова, бидејќи се очекуваше нешто такво, а лично и јас кондиционо бев спремен, бидејќи имаме долгогодишно искуство во ова поднебје со имињата, почнувајќи од еден наш сосед кога тера цел еден колективитет да ги промени националните имиња, а исто таа болест се пренесе и во нашата Република, каде одредени колективитети за своите новороденчиња не можеа слободно да избираат име, а ова е еден преседан оваа болест како може да се пренесе на државно ниво, како што е од страна на нашиот сосед и им дава стандарди на европските дванаесет-мина да прифатат за промена на името на една држава која навистина чека во предворјето на Европа да биде примена.

Вината за оваа декларација, реални да бидеме, сносиме и ние како политички субјекти внатре во нашата Република, бидејќи сите политички сили не ги консолидираа нашите редови, во Европа да пристапи> заеднички, со еден заеднички консензус за признавање на Република Македонија, туку одредени политички субјекти настапуваа самоволно и одредени партии па дури и од Владата имавме такви случаи.

Тој консензус да беше постигнат помеѓу партиите, а најбитно беше овој консензус да беше постигнат помеѓу македонците и албанците и заеднички македонците и албанците да пристапуваат надвор од нашата Република и да го интернационализираат проблемот, а исто така и да

бараат признавање на Република Македонија. Од оваа говорница некои политички партии^сакаат да вршат насоки, иако денеска не е време за маркетинг, но спрема моето длабоко убедување, тие партии ги иритираат некои наши соседи, да пристапуваат со вакви радикални потези

Лично мислам дека .како Собрание и како граѓани на цела Македонија не треба да бидеме оптоварени со оваа сегашна декларација и треба внатре нашите односи, политички, економски, да ги воздигнеме на таа висина и да бидеме сталожени, стрпливи и да пристапиме повторно со барање за признавање на независноста на Републиката, бидејќи не е возможно сите републики во бивша Југославија да стекнат меѓународен субјективитет, а Република Македонија да остане на страна.

Како посебно мое барање е еден турски збор вели дека да чиниме сабар..

**СТОЈАН АНДОВ:**

Треба да се договориме како ќе продолжиме со работата. Од досегашниот договор треба да прекинеме во 17,00 часот. Има уште 21 пријавен учесник во расправата и сега уште неколку ќе се пријават. Ве молам да ги допишам.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, јас сметам дека овој начин на работење не е во интерес на македонската држава. Сакале или не, сепак сме пратеници во пратенички групи. Еднаш се согласивме, потоа излезе дека само за таа точка, а мојот приод што го имавме и на писмено важеше генерално, јас барав, а и сега околу расправата за деловникот барав секоја пратеничка група да добие по еден главен дискутант, а другите ограничено на пет минути да дискутираат. Сосема нецелисходно 80 души да настапуваат, а

20 да настапуваат е нецелисходно. Затоа сметам дека голем гест ќе направат оние пратеници кои се запишани во листата за настап, а да се откажат од својот настап. Ние чувме и многу нешта кои не беа вредни да се чујат овој пат, но сметам дек ја делиме таа грижа за оваа држава и за овој народ и дека после тоа порекнување на македонското име, редно е Парламентот барем на вториот ден од заседанието да излезе со една декларација.

Јас не се сомневам во тоа дека вашите настапи се добро- намерни но сообразете се со тоа дека во плурализмот и демократијата има веќе ред, а ние со долготрајни настапи на секој поединец, тој ред го нарушуваме.

Сметам веднаш да преминеме на декларацијата со волја х на тие што се запишани во листата доброволно да се откажат, ќе направат голем гест и да видиме што можеме околу декларацијата што можеме да направиме.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Во врска со предлогот на претседателството за натамошниот тек на работата на Собранието по оваа точка од дневниот ред и предлогот на господинот Јордан Бошков, еден конструктивен предлог, еден предлог кој приличи, поготово во оваа ситуација на господинот Бошков и кој треба безрезервно да се прифати, без приговор, но мислам дека после два дена од утврдување на дневниот ред и расправа на седница и отворените прашања што се отворија позади оваа говорница и во овој Парламент во врска со расправата, мислам дека правото на пратениците кои се јавија за збор треба до крај да се почитува.

Залагањето и заговарањето на ваквата идеја на господинот Јордан Бошков би била примерна и по овој повод да го направи прво во својата пратеничка група, ова од причини што, јас веднаш реагирам на начинот на

кој кога се припрема за оваа седница да дојдам итно дојдов, без основни средства да можам како човек без, средства за лична хигиена, мислејќи дека седницата ќе заврши вчерашниот ден. Но господинот Јордан Бошков како член на Комисијата за надворешно- политички прашања, која вчера цел ден расправаше за Декларацијата, со која ќе одговори овој Парламент, и тоа не за суштинските прашања, туку за еден формален приод во однос на дефинирање на Декларацијата, и после две предлог - декларации од страна на Владата и Предлог на декларација од пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ и од поедини пратеници на истата пратеничка група, да дојдеме во ваква ситуација два дена веќе да расправаме и веќе сме на пола пат со таквата расправа. Не сакам да се разбереме погрешно, моето трпение за овие два дена што досега не зедов збор и што мислам, конструктивен приод имав и на Законодавно - правна комисија со мое учество од 5 минути работа, а денес со молк на заедничката комисија, акцептирајќи ги сите можни решенија што беа едуцирани таму да придонесам за ефикасна работа, го изразувам само мојот револт за ваквиот начин на решавање на прашањето и конкретно мислам кога веќе сме влегле во вакви води, поготово за прашањата кои беа отворени овде и кои не смеат да останат да лебдат во воздух, туку треба овој парламент да ги апсолвира сите до крај, онолку колку што може да ги согледа и со сопствени сили да ги реши, да продолжи со нормална работа до исцрпување на листата со пријавени кандидати за дискусија.

Јас се извинувам према пратеникот Јордан Бошков. Му остануваат нему само две опции спрема мене.

Првата опција е да се избори за ваквиот став во својата пратеничка група и втората е да се дистанцира од нејзината работа.

XIV/6

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Процедурална забелешка сакам да дадам. Навистина, после година ипол работа во Парламентот, оние што ги припремаат седниците, не може да им се препише како случајност, еден ваков пропуст да дозволат во една точка да се расправа за декларација која што подразбира сама по себе консензус и да се дозволи во истата точка неодвоено да се расправа за меѓународната политика каде што се очекуваше дека ќе има спротивставени гледања и тоа жестоки аргументации и контра аргументации. Тука ќе запрам можеби така ми се чинат работите. Но сакам да предложам конструктивно следното: прво, не сум против тоа да се откажуваме од дискусиите, но сум за тоа во еден дел да прифатам и од претходните дискутанти, а тоа што конструктивно држеше, да се издвои декларацијата утре во првиот дел, со нејзе да се започне, таму нема ништо спорно, ние веќе имаме консензус и дозволуваме да се создава недоразбирање и кај граѓаните, а потоа после една пауза да продолжиме по расправата што започна да дадеме можност секој да се искаже по тоа прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само некои напомени, потоа прашање да кажам. Прво сакам да укажам дека деловничка можност да се ограничи расправата, сега веќе не постои, затоа што тоа е можно само ако тоа се направи на почетокот на расправата.

Друго, во договорите за седницата како да се одвива, разговарав со сите координатори, се обидовме да постигнеме договор, да имаме рационален приод да расправаме за декларацијата и врз основа на излагањето на Малески.

XV/1.- ЈМ-ВБ

**СТОЈАН АНДОВ**: (Продолжение)

Но, имаше пратенички групи, координатори од пратеничките групи кои не можеа да гарантираат дека може да се остане на тоа и дека ќе се бара учество во расправата и поширока расправа. Господинот Голубовски беше еден од тие што бараше поширока расправа.

Ние се договоривме на координациониот состанок исто така, да не правиме препреки. Ние можевме да ставиме друга точка за надворешна политика, но ќе моравме да чекаме материјал, бидејќи никој не подготви материјал сите што дадовте предлози, моравме да се потпреме на она што го нуди Владата. Тоа е сосема нормално. Затоа за да расправаме денес моравме да допуштиме и поширока расправа и тука сега ќе биде многу искривена сликата и во светот и во земјата и во Парламентот за вистинскиот став на Парламентот ако сега на сите други што се јавија им оневозможиме да кажат тоа што мислат да кажат. Ние треба -да се договориме не за тоа да ја прекинеме расправата, т.е. да ја ограничиме расправата, тоа не можеме. Но сакам да ви кажам дека постои можност секој од пријавените кој сака може да се откаже.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас сум едноставно запрепастен од неправилното толкување на мојот настап и ќе побарам стенограм. Запрепастен сум од тоа како на неточен начин мојот настап се интерпретираше. Најпрво од првиот дискутант по мене, а потоа и понатаму, а и од Вас господине претседател. јас едноставно апелирав до пријавените да се откажат од дискусија. Јас не кажав сега да им ограничиме, или да им одземеме збор и со тоа да се добие во светот впечаток дека процедурата во Македонскиот парламент итн., само една мала информација за вас. Јас се потрудив и од прилика

набележав 21 дискутант вкупно до сега по оваа точка од кои 6-мина се од ВМРО-ДПМНЕ- 5-мина од СДС, 5-мина од Коалицијата ПДП-НДП. Математиките гледајте си ги вие понатаму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас само сакав да укажам дека договори со пратеничките групи, со координаторите се обидени да се направат и тоа се прави пред да почне седницата. Не можеме на сред седница тоа да го правиме. Затоа предлагам утре да продолжиме во 10 часот.

Седницата прекина со работа во 17,10 часот.